СЛУЖ L..

p. fah 5

НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА

„СЛУЖБЕН ЛИСТ НА СФРЈ" излегува во издание на српскохрватски односно на хрватскосрпски словенечки и македонски јазик — Огласи според тарифата — Жиро-сметка кај Народната банка за претплата и посебни изданија 101-13-602-32, за огласи 101-13-602-31.

Среда, 14 август 1963

БЕЛГРАД

БРОЈ 32 ГОД. XIX

Цена на овој број е 80.— дин. — Претплата за 1963 година изнесува 2.300.— дин., а за странство 3.300 динари. — Редакција: Улица Јована Ристиќа бр. 1. Пошт. фах 226.— Телефони: централа 50-931, 50-932, 50-933 и 51-661; Служба за претплата 51-732 и Продавна служба 51-671.

527.

Врз основа на членот 17 од Законот за кредитните и други банкарски работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61 и 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОДОБРУВАЊЕ ПОСЕБЕН КРЕДИТ НА СТОПАНСКАТА БАНКА НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

1. До донесувањето на прописи за финансирањето на изградбата за сместување на работниците, службениците и другите граѓани од подрачјето на град Скопје, Народната банка ќе ѝ одбори на Стопанската банка на Социјалистичка Република Македонија за таа цел аванс во вид на кредит во износ до 30 милијарди динари.

2. Поблиски прописи за примена на оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии.

3. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.п. бр. 187
9 август 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

528.

Врз основа на членот 9 став 2 од Законот за формирањето на комисии за спроведување на прописите за расподелба на чистиот приход на стопанските организации и установите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОВЛАСТУВАЊЕ НА ИЗВРШНИОТ СОВЕТ НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ДА ДОНЕСЕ ПРОПИСИ ЗА ОПШТИТЕ МЕРИЛА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ДОХОДОТ НА УСТАНОВИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ И ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ЛИЧНИТЕ ДОХОДИ

1. Се овластува Извршниот совет на Социјалистичка Република Македонија да донесе прописи за општите мерила за распределба на доходот на установите од подрачјето на град Скопје и за распределба на личните доходи.

Прописите од ставот 1 на оваа одлука ќе се применуваат додека трајат вонредните прилики настанати поради земјотресот на 26 јули 1963 година.

2. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.п. бр. 193
9 август 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

529.

Врз основа на чл. 14, 17 и 20 од Законот за кредитните и други банкарски работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61 и 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОДОБРУВАЊЕ КРЕДИТИ ЗА ВЛОЖУВАЊА ВО ОСНОВНИ СРЕДСТВА НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ ШТЕТА ПОРАДИ ЗЕМЈОТРЕСОТ

1. Стопанската банка на Социјалистичка Република Македонија може од сите банкарски средства и кредити што ги добива од Народната банка да им одобрува кредити на стопанските организации од подрачјето на град Скопје чии основни средства се оштетени поради земјотресот од 26 јули 1963 година за вложувања во основни средства потребни за нивното натамошно работење.

2. Вкупниот износ на кредитите што Стопанската банка на Социјалистичка Република Македонија го дава од средствата од точката 1 на оваа одлука не може да биде потолем од 10 милијарди динари.

3. Роковите за враќање на кредитите од точката 1 на оваа одлука и интересната норма на тие кредити ќе се утврдат со договорот со кој Стопанската банка на Социјалистичка Република Македонија ѝ го дава таквиот кредит на стопанската организација, со тоа што рокот за отплата да не може да биде подолг од времето пропишано за отпис (амортизација) на основните средства за кои е даден кредитот.

По исклучок од ставот 1 на оваа точка, роковите за враќање на кредитите што се даваат за изградба на градежни објекти не можат да бидат подолги од 15 години.

4. Гарантни износи и износи за учеството на инвеститорите во трошоците на инвестициите за кредитите дадени според оваа одлука не се полагаат.

5. Сојузниот секретаријат за финансии, во спогодба со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија и со Сојузниот секретаријат за општи стопански работи, ќе го утврди износот на девизните средства и условите под кои можат да се користат тие средства за набавка на опрема од увозот.

Стопанските организации што увезуваат опрема со користење на странски заеми и кредити, не се должни динарската противвредност на таа опрема, намалена за аванс и меѓуплаќања, да ја полагаат пред стасаноста на отплатата на странскиот заем односно кредит.

6. Поблиски прописи за примена на оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии.

7 Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.п. бр. 189
9 август 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

530.

Врз основа на чл. 14 и 17 од Законот за кредитните и други банкарски работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61 и 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОДОБРУВАЊЕ КРЕДИТИ ЗА ОБРТНИ СРЕДСТВА НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ

1. На работните организации од подрачјето на град Скопје што претрпеле штета поради земјотресот од 26 јули 1963 година, деловните банки можат да им одобруваат кредити за обртни средства заради продолжувањето на работењето

2. Деловните банки можат да им одобрат кредити на работните организации од точката 1 на оваа одлука и кога тие не ги исполнуваат условите од точката 15 на Одлуката за спроведување на мерките на општата кредитна политика во 1963 година („Службен лист на ФНРЈ". бр 12/63).

3. При одобрувањето на кредитите според оваа одлука, деловните банки не се должни да се придржуваат за одредбите од точката 16 на Одлуката за спроведување на мерките на општата кредитна политика во 1963 година.

4. До донесувањето на закон со кој ќе се регулираат односите настанати поради земјотресот од 26 јули 1963 година, на работните организации од точката 1 на оваа одлука, што претрпеле штета предизвикана со тој земјотрес, им се одлага извршувањето на обврските во врска со кредитите за обртни средства добиени до 26 јули 1963 година од банкарските средства.

5. Поблиски прописи за спроведување на оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.п. бр. 190
9 август 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

531.

Врз основа на чл. 14, 15, 17 и 32 од Законот за кредитните и други банкарски работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61 и 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ДАВАЊЕ ПОТРОШУВАЧКИ КРЕДИТИ НА ГРАЃАНИТЕ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ШТО ПРЕТРПЕЛЕ ШТЕТА ПОРАДИ ЗЕМЈОТРЕСОТ

1. На граѓаните на град Скопје што претрпеле штета поради земјотресот од 26 јули 1963 година, Комуналната банка во Скопје (во понатамошниот текст: Банката) може да им дава потрошувачки кредити за купување индустриски стоки, освен за купување прехранбени артикли, со рок за враќање до шест години и со интерес по нормата од 1% годишно.

Барателите на кредитот од ставот 1 на оваа точка се должни, кон барањето за кредит, да ѝ поднесат на Банката потврда од надлежниот орган на управата на општинското собрание дека пострадале од земјотресот.

2. Потрошувачките кредити според оваа одлука можат да им се даваат на:

1) работниците и службениците во редовен работен однос — до 1/3 од нето износот на личниот доход што ќе го остварат за времето за кое се дава кредитот;

2) пензионерите и инвалидите — до 1/3 од вкупната пензија односно инвалиднина што ќе ја примаат за времето за кое се дава кредитот;

3) лицата со самостојни занимања — до 1/3 од вкупниот износ на кој плаќаат социјално осигурување за времето за кое се дава кредитот;

4) имателите на приватни занаетчиски дуќани — до 1/3 од основицата за која им е извршен облог со данок на доход за изминатата година односно за текуштата година ако го плаќаат данокот паушално, пресметана за времето за кое се дава кредитот;

5) индивидуалните земјоделски производители — до 1/3 од основицата на која им е извршен облогот со данок на доход за изминатата година, пресметана за времето за кое се дава кредитот.

При утврдувањето на кредитната способност на барателот на кредит, не се зема предвид неговото поранешно задолжување по потрошувачките кредити според кои плаќањето на отплатата и интересот е одложено во смисла на точката 9 од оваа одлука, како ниту задолжувањето според другите кредити и заеми според кои со посебни прописи е одложено плаќањето.

3. Давањето на потрошувачките кредити според оваа одлука Банката не ќе го условува со полагање од страна на барателот на кредитот во готови пари на определен дел (процент) од износот на одобрениот кредит.

4. Заради обезбедување на враќањето на потрошувачките кредити дадени според оваа одлука, корисникот на кредитот задолжително ѝ дава на Банката бланко меница со свој потпис (соло меница).

Банката може, според сопствена оценка, за одделни корисници на потрошувачкиот кредит да определи и други обезбедувања за враќањето на дадениот кредит.

Ако Банката го услови користењето на кредитот со ставање административна забрана на личниот доход (заработка, плата, пензија односно инвалиднина), исплатителите на личните доходи се должни таквата административна забрана уредно да ја спроведуваат.

5. Потрошувачките кредити одобрени според оваа одлука до крајот на 1963 година ќе се отплатуваат почнувајќи од 1 јануари 1964 година.

6. За давањето на кредити според оваа одлука, Банката ќе ги користи сите расположиви банкарски средства, како и средствата на кредитите што ги добива од Народната банка.

7. Потрошувачките кредити според одредбите од оваа одлука Банката ќе им ги дава само на граѓаните од точката 1 на оваа одлука што се постојано настанети на територијата на град Скопје.

По исклучок, Банката може, во согласност со Собранието на град Скопје, потрошувачките кредити според одредбите од оваа одлука да им ги дава и на граѓаните од точката 1 на оваа одлука што повеќе не се постојано настанети на подрачјето на град Скопје.

8. На подофицирите, офицерите и на службениците на Југословенската народна армија од подрачјето на град Скопје што претрпеле штета поради земјотресот, ќе им се даваат потрошувачки кредити од точката 1 на оваа одлука според прописите според кои се даваат потрошувачки кредити на тие лица а со условите предвидени со оваа одлука.

9. До донесувањето на закон со кој ќе се регулираат односите настанати поради земјотресот од 26 јули 1963 година, на граѓаните на град Скопје што претрпеле штета предизвикана со тој земјотрес им се одлага отплатувањето на потрошувачките кредити добиени до 25 јули 1963 година и плаќањето на интересите и другите трошоци во врска со тие кредити.

10. Поблиски прописи за спроведување на оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии.

11. Технички упатства за спроведување на оваа одлука издава, по потреба, Народната банка.

12. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.п. бр. 188
9 август 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

532.

Врз основа на членот 15 од Законот за општественото книговодство („Службен лист на ФНРЈ", бр 39/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ЕВИДЕНТИРАЊЕ НА ПАРИЧНИТЕ СРЕДСТВА ДОБИЕНИ КАКО ПОМОШ ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ОД ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО СКОПЈЕ

1. Службата на општественото книговодство ќе ги води на „Сметката на Сојузниот одбор за помош и обнова на Скопје" сите парични средства добиени во Југославија и од странство како помош за отстранување на последиците од земјотресот во Скопје од 26 јули 1963 година.

Службата на општественото книговодство ќе води посебна сметка на Социјалистичка Република Македонија за помош и обнова на Скопје, како дел на сметката од ставот 1 на оваа точка.

По исклучок, паричните средства упатени до Југословенскиот црвен крст за отстранување на последиците од земјотресот во Скопје, Службата на општественото книговодство не ќе ги води на сметките од ст. 1 и 2 на оваа точка.

2. За паричните средства од точката 1 на оваа одлука Службата на општественото книговодство ќе води евиденција особено за изворите од кои произлегуваат тие средства и за подрачјата од кои се добиени тие средства.

За паричните девизни средства од ставот 1 на оваа точка Службата на општественото книговодство ќе води и посебна евиденција.

3. До донесувањето на закон со кој ќе се регулираат односите настанати поради земјотресот во град Скопје, со паричните средства од точката 1 став 1 на оваа одлука ќе располага Сојузниот одбор за помош и обнова на Скопје, а со паричните средства од точката 1 став 2 на оваа одлука — Републичкиот одбор на Социјалистичка Република Македонија за помош и обнова на Скопје. На товар на девизните средства од точката 2 став 2 на оваа одлука можат да се вршат само итни плаќања во странство. и тоа по налог од Сојузниот одбор за помош и обнова на Скопје односно по налог од Републичкиот одбор на Социјалистичка Република Македонија за помош и обнова на Скопје.

4. Паричните средства добиени на име помош за отстранување на последиците од земјотресот во Скопје што се водат на други сметки, Службата на општественото книговодство ќе ги пренесе веднаш на сметката од точката 1 став 1 од оваа одлука.

Паричните средства што по влегувањето во сила на оваа одлука ќе бидат упатени како помош за отстранување на последиците од земјотресот во Скопје, а за кои не може да се утврди на кој му се упатени (точка 1), Службата на општественото книговодство ќе ги води на сметката од точката 1 став 1 на оваа одлука.

5 Поблиски прописи за примена на оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.п. бр. 191
9 август 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

533.

Врз основа на членот 170 став 1 од Царинскиот закон („Службен лист на ФНРЈ", бр. 24/59 и 13/63) во врска со точката 2 глава XVII на Сојузниот општествен план за 1963 година и со членот 3 став 1 точка 1 од Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/61, 6/62, 11/62 и 4/63), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕТО ОД ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНА И ДРУГИ ДАВАЧКИ ЗА УВОЗ НА СТОКИ ШТО СЕ ПРИМААТ БЕСПЛАТНО ИЛИ СЕ НАБАВУВААТ ОД СТРАНСТВО ЗАРАДИ ОТСТРАНУВАЊЕ НА ПОСЛЕДИЦИТЕ ПРЕДИЗВИКАНИ СО ЗЕМЈОТРЕСОТ ОД 26 ЈУЛИ 1963 ГОДИНА

1. Работните и други организации што од странство примаат бесплатно стоки како помош заради отстранување на последиците предизвикани со земјотресот од 26 јули 1963 година се ослободуваат од плаќање на царина и други давачки што се наплатуваат при увозот.

Стоките од ставот 1 на оваа точка не подлежат на ограничувањата пропишани врз основа на одредбите од Уредбата за девизното работење („Службен лист на ФНРЈ", бр. 2/61 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 26/63).

2. Граѓаните на Скопје што претрпеле штета при земјотресот, се ослободуваат од плаќањето на царина и другите давачки на увоз на сите подарок-пратки.

3. На увозот на опремата набавена во странство за потребите на научните, културните, здравствените и социјалните установи на подрачјето на град Скопје што претрпеле штета поради земјотресот од 26 јули 1963 година, не се плаќаат царина и други дажбини што според важечките прописи се наплатуваат при увозот

4. Поблиски прописи за спроведување на оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии. во согласност со Сојузниот секретаријат за надворешна трговија.

5. Одредбите од оваа одлука ќе се примечуваат на увозот на стоки почнувајќи од 26 јули 1963 година.

6. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.п. бр. 195
9 август 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

534.

Врз основа на чл. 14 и 17 од Законот за кредитните и други банкарски работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61 и 53/62), Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОДЛАГАЊЕ НА ПЛАЌАЊЕТО НА АНУИТЕТИТЕ СПОРЕД КРЕДИТИТЕ ДАДЕНИ ОД СРЕДСТВАТА НА ФЕДЕРАЦИЈАТА НА РАБОТНИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ

1. До донесувањето на закон со кој ќе се регулираат односите настанати поради земјотресот од 26 јули 1963 година, на работните организации од подрачјето на град Скопје што претрпеле штета предизвикана со тој земјотрес им се одлага плаќањето на ануитетите според кредитите дадени од средствата на федерацијата за основни средства, за трајни обртни средства, за средства на заедничката потрошувачка и за покритие на загубите.

Одлагањето на плаќањето на ануитетите од ставот на 1 на оваа точка се однесува на кредитите за кои работните организации склучиле договори до 26 јули 1963 година и по кои ануитетите стасале а не се измирени до 31 јули 1963 година, како и по кои ануитетите стасуваат по 31 јули 1963 година.

2. За време траењето на одлагањето на плаќањето на ануитетите според оваа одлука, банките на кредитите од точката 1 на оваа одлука не ќе пресметуваат интерес, провизија и други надоместоци.

3. Поблиски прописи за примена на оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии.

4. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.п. бр. 194
9 август 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

535.

Врз основа на точката 3 од главата XVI на Сојузниот општествен план за 1963 година, Сојузниот извршен совет донесува

ОДЛУКА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕТО НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ШТО НЕ ВРШАТ ИЗДВОЈУВАЊЕ НА ЗАДОЛЖИТЕЛНИТЕ РЕЗЕРВИ НА ФОНДОВИТЕ ВО 1963 ГОДИНА И КОИ МОЖАТ СРЕДСТВАТА НА ТИЕ РЕЗЕРВИ ИЗДВОЕНИ ВО 1961 И 1962 ГОДИНА ДА ГИ КОРИСТАТ ВО 1963 ГОДИНА

1. Стопанските организации од членот 12 на Законот за средствата на стопанските организации, од подрачјето на град Скопје, не вршат во 1963 година издвојување на задолжителните резерви на фондовите во смисла на членот 3 од Законот за установување на задолжителни резерви на фондовите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 23/61 и 52/61).

Стопанските организации од точката 1 на оваа одлука можат издвоените средства на задолжителните резерви на фондовите од 1961 и 1962 година што ќе преостанат по намирувањето на обврските во смисла на точката 21 од Одлуката за спроведување на мерките на општата кредитна политика во 1963 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 12/63) да ги користат во 1963 година за намените за кои ги користат средствата на својот деловен фонд и на фондот на заедничката потрошувачка.

3. Социјалистичка Република Македонија може на стопанските организации од подрачјето на град Скопје да им одобри користење на издвоените средства на посебните задолжителни резерви на фондовите од поранешните години и да ги ослободи да ги издвојуваат средствата на посебните задолжителни резерви на фондовите во 1963 година, со тоа што тие средства да ги употребат за целите предвидени со оваа одлука.

4. Поблиски прописи за спроведување на оваа одлука донесува, по потреба, Сојузниот секретаријат за финансии.

5. Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.п. бр. 192
9 август 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

536.

Врз основа на членот 9 став 1 од Законот за формирањето на комисии за спроведување на прописите за расподелба на чистиот приход на стопанските организации и установите („Службен лист на ФНРЈ", бр. 15/62), Сојузниот извршен совет пропишува

УПАТСТВО

ЗА ПРИМЕНА НА ТОЧКАТА 16 ОД УПАТСТВОТО ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА НАЧЕЛАТА ЗА РАСПРЕДЕЛБА НА ЧИСТИОТ ПРИХОД НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ

1. Со оглед дека поради земјотресот од 26 јули 1963 година се изменети условите на работењето на стопанските организации од подрачјето на градот Скопје, работничките совети на тие стопански организации можат да отстапат од однапред усвоените пропорции и мерила за распределба на чистиот приход во смисла на одредбите од точката 16 на Упатството за спроведување на начелата за распределба на чистиот приход на стопанските организации („Службен лист на СФРЈ", бр. 19/63).

2. Ова упатство влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.п. бр. 196
9 август 1963 година
Белград

Сојузен извршен совет

Претседател,
Петар Стамболиќ, с. р.

537.

Врз основа на членот 158 од Законот за народната одбрана („Службен лист на ФНРЈ", бр. 30/55, 14/57 и 44/61) и членот 143 од Законот за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 25/62), по прибавено мислење од Сојузниот завод за социјално осигурување и во согласност со Сојузниот секретаријат за здравство и социјална политика, Државниот секретаријат за народна одбрана пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ЛЕКАРСКИТЕ ПРЕГЛЕДИ НА ОБВРЗНИЦИТЕ-РЕГРУТИТЕ ЗАРАДИ УТВРДУВАЊЕ НА ЗДРАВСТВЕНАТА СПОСОБНОСТ ЗА ВОЕНА СЛУЖБА

Член 1

Лекарските прегледи на обврзниците-регрути, заради утврдување нивната здравствена способност за воена служба, се вршат во здравствени установи по барање од органот на управата на општинското собрание надлежен за работите на народната одбрана (во понатамошниот текст: општинскиот орган на управата за народна одбрана) или на военотериторијалниот орган.

Лекарските прегледи од ставот 1 на овој член ги врши лекар од општа пракса односно лекар специјалист на здравствената установа со која е склучен договор за вршење лекарски прегледи на обврзниците-регрути или е утврден план заради вршење на овие прегледи.

Член 2

Како лекарски преглед во смисла на овој правилник се смета:

1) систематски лекарски преглед на обврзникот-регрут пред регрутирањето;

2) систематски лекарски преглед пред упатувањето на служење на военото рок на обврзниците-регрути кај кои од денот на регрутирањето до упатувањето во Југословенската народна армија поминало осум месеци;

3) специјалистички лекарски преглед за кој ќе се укаже потреба во текот на вршењето на систематскиот лекарски преглед пред регрутирањето или пред упатувањето на обврзниците-регрути во Југословенската народна армија;

4) флуорографски или стандарден рентгенски преглед на обврзниците-регрути — по потреба;

5) лекарски преглед на денот на упатувањето во Југословенската народна армија на обврзниците-регрути што ќе се пријават дека се болни;

6) лекарски преглед заради дополнување и проверка на наодите на систематските и специјалистичките прегледи, кога ќе се укаже потреба од тоа во текот на регрутирањето или пред упатувањето на обврзниците-регрути во Југословенската народна армија.

Член 3

Лекарските прегледи на обврзниците-регрути од членот 2 на овој правилник се вршат на начинот и според постапката што ќе ги пропише со упатство Санитетската управа на Државниот секретаријат за народна одбрана.

Член 4

Лекарските прегледи на обврзниците-регрути во здравствените установи ги планираат спогодбено општинскиот орган на управата за народна одбрана или военотериторијалниот орган и здравствената установа во која ќе се вршат прегледите.

При составувањето на планот на лекарските прегледи на обврзниците-регрути, ќе се обезбеди рамномерно оптоварување на дневните капацитети на здравствената установа и благовремен преглед на обврзниците-регрути.

Планот на лекарските прегледи на обврзниците-регрути содржи: број на обврзниците-регрути што треба да бидат прегледани, вид на прегледот и време и место на извршувањето на прегледот.

Член 5

По извршениот преглед здравствената установа го внесува наодот за здравствената состојба на обврзникот-регрут во пропишаната медицинска документација и му ја враќа на општинскиот орган на управата за народна одбрана односно на военотериторијалниот орган.

Ако медицинската документација за извршениот преглед на обврзникот-регрут е непотполна, здравствената установа на барање од општинскиот орган на управата за народна одбрана односно од военотериторијалниот орган ќе ја дополни.

За извршените прегледи на обврзниците-регрути здравствената установа води евиденција според прописите што важат за неа.

Член 6

Здравствената установа е должна пред прегледот да го утврди идентитетот на обврзникот-регрут, како и тоа дали е тој осигурен според Законот за здравственото осигурување.

Член 7

Општинскиот орган на управата за народна одбрана односно военотериторијалниот орган, покрај работите за организација и подготовка на лекарските прегледи на обврзниците-регрути, ги врши и следниве работи:

1) ги доведува односно ги упатува обврзниците-регрути според утврдениот план во здравствената установа на преглед;

2) ѝ обезбедува на здравствената установа образци заради водење медицинска евиденција во која лекарот на здравствената установа ги внесува наодите за секој прегледан обврзник-регрут;

3) ѝ доставува на здравствената установа список на обврзниците-регрути осигурени според Законот за здравственото осигурување и список на неосигурените обврзници-регрути;

4) го утврдува идентитетот на обврзникот-регрут што го доведува односно упатува на лекарски преглед.

Член 8

Упатување на обврзниците-регрути во здравствена установа заради преглед (член 2), општинскиот орган на управата за народни одбрана или военотериторијалниот орган го врши според важечките прописи за регрутирање и пополнување на Југословенската народна армија.

Член 9

Трошоците на лекарските прегледи на обврзниците-регрути осигурени според Законот за здравственото осигурување што се вршат според одредбите од овој правилник, ги поднесува фондот на здравственото осигурување на надлежниот комунален завод за социјално осигурување (член 32 став 1 од Законот за здравственото осигурување).

Трошоците на лекарските прегледи на обврзниците-регрути што не се здравствено осигурени според Законот за здравственото осигурување, ги поднесува Државниот секретаријат за народна одбрана, а ги исплатува органот што ќе го определи тој.

Член 10

Надоместокот на личниот доход на обврзникот-регрут што е во работен однос го поднесува, за време на отсуствување од работа поради покана односно упатување на лекарски преглед заради утврдување на здравствената способност за воена служба, Државниот секретаријат за народна одбрана.

Надоместокот на патните трошоци на обврзникот-регрут што е повикан односно упатен на преглед заради утврдување на здравствената способност за воена служба, ги поднесува Државниот секретаријат за народна одбрана.

Член 11

Со договор помеѓу надлежниот орган од членот 1 на овој правилник и здравствената установа се утврдуваат условите и височината на надоместокот на трошоците за лекарските прегледи на обврзниците-регрути што не се здравствено осигурени според Законот за здравственото осигурување.

Член 12

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Р.в.п. бр. 36
30 јули 1963 година
Белград

Државен секретар
за народна одбрана
генерал на армија,
Иван Гошњак, с. р.

538.

Врз основа на чл. 23, 36 став 2 и чл. 46 и 51 од Законот за придонесот за буџетите од личниот доход на работниците („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/61, 44/61, 52/61 и 30/62), членот 214 став 2 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62) и точката 5 од Одлуката за определување на нормите на придонесите за социјално осигурување, додатокот на деца и запослување на работници во 1963 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/62), во согласност со Сојузниот секретаријат за трудот, по прибавено мислење од Сојузниот завод за социјално осигурување, Сојузниот секретаријат за финансии пропишува

ПРАВИЛНИК

ЗА ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС

I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Одредбите од овој правилник се однесуваат на сите исплатители на лични доходи од работен однос и на лични доходи изедначени со личните доходи од работен однос. Одредбите од овој правилник

се однесуваат и на примателите на личните доходи од работен однос и на лични доходи изедначени со личните доходи од работен однос, ако тие според одредбите од Законот за придонесот за буџетите од личниот доход на работниците (во понатамошниот текст: Законот) и другите прописи се должни самите да ги пресметуваат и плаќаат придонесите од тие лични доходи.

Член 2

Како личен доход од работен однос, во смисла на членот 2 од Законот, се подразбира секое редовно и повремено примање на работникот и службеникот од постојаниот (редовниот) и привременот работен однос со исплатителот на тој доход, или дополнителната односно хонорарната работа, остварено во редовна или прекувремена работа, како и секое примање што со Законот или со прописи донесени врз основа на Законот е изедначено со личниот доход од работен однос (во понатамошниот текст: личен доход од работен однос), без оглед на изворите на средствата од кои се исплатува личниот доход од работен однос.

Како остварен личен доход од работен однос се подразбира личниот доход од ставот 1 на овој член, што му е исплатен на работникот или е ставен во депозит во негова корист, ако исплатата од која и да е причина не му е извршена во рокот во кој таа им е извршена на другите работници.

Како личен доход од работен однос според одредбите од ставот 1 на овој член, не се сметаат примањата наведени во членот 17 од Законот.

Член 3

Како исплатител на личен доход од работен однос, во смисла на членот 2 од овој правилник, се подразбираат стопанските организации, задружните организации, општествено-политичките организации и здруженија, државните органи и установи, приватните работодавци и сите други лица (општествени, правни и граѓански правни лица и граѓани) што на одделни граѓани им исплатуваат лични доходи од работен однос.

Член 4

Како еден исплатител на личен доход од работен однос, во смисла на чл. 18 и 19 од Законот, се подразбираат:

1) стопанската организација како целина, без оглед на бројот на погонските, деловните и други единици. По исклучок, погонската и деловната единица односно дејностите со самостојна пресметка, секцијата на железничко транспортно претпријатие со самостојна пресметка и погонот на поштенско-телеграфско-телефонско претпријатие со самостојна пресметка, се сметаат како посебни исплатители на личните доходи;

2) Главната централа на Народната банка, централите на Народната банка и на другите банки, деловните единици на Народната банка и на другите банки (филијалите на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство, филијалите на Југословенската банка за надворешна трговија и др.), Југословенската заедница на осигурувањето, осигурителниот завод и деловната единица на осигурителните заводи, завод за социјално осигурување односно филијалата на комуналниот завод за социјално осигурување.

Погонската или деловната единица односно дејноста со самостојна пресметка што запослува работници од друга погонска и деловна единица со самостојна пресметка во рамките на иста стопанска организација во редовно работно време не се смета како посебен исплатител на личниот доход;

3) претставничкото тело на општествено-политичката заедница, политичко-извршниот орган, органот на управата, управната установа и секоја друга организациона единица чиј старешина е овластен да врши определени права на наредбодавец во врска со личните расходи;

4) установа;

5) стопанска комора, совет на гранка, задружен сојуз, како секција за унапредување на задругарството и другите секции на соодветните стопански комори;

6) општествено-политичката организација и здружение и нивните организациони единици (на пример: општинскиот одбор на Друштвото на пријателите на децата, околискиот одбор на Социјалистичкиот сојуз на работниот народ на Југославија, градскиот одбор на Југословенскиот црвен крст, синдикалната подружница во едно претпријатие или во една установа, фудбалски клуб, боксерски клуб, шаховски клуб, основна организациона единица на Сојузот на комунистите на Југославија, здружение на книговодителите итн.);

7) станбена задруга, месна заедница и станбена зграда под општествено управување;

8) приватен работодавец (занаетчија, адвокат, домаќинство, деловна единица на странско претпријатие и сл.).

Член 5

Како придонес од личниот доход од работен однос во смисла на овој правилник, се подразбираат:

1) придонесот за буџетите од личниот доход;

2) основните придонеси за социјално осигурување.

Како придонеси за буџетите од личниот доход се подразбираат:

1) редовниот придонес за буџетите од личниот доход;

2) дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход;

3) вонредниот придонес за буџетите од личниот доход.

Како основни придонеси за социјално осигурување се подразбираат:

1) основниот придонес за здравствено осигурување;

2) основниот придонес за инвалидско осигурување;

3) придонесот за пензиско осигурување;

4) редовниот придонес за додатокот на деца;

5) придонесот за запослување на работниците.

Покрај основните придонеси за социјално осигурување што се пресметуваат и плаќаат од личниот доход, се пресметува и делот на основните придонеси за социјално осигурување според дополнителната норма на основните придонеси од 2,5% кој се плаќа од средствата од кои се исплатуваат личните доходи.

Покрај придонесите од ставот 1 односно од ст. 2 и 3 на овој член се пресметуваат и плаќаат, во смисла на Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување и следниве придонеси:

1) додадениот придонес за здравствено осигурување;

2) додадениот придонес за инвалидско осигурување;

3) посебниот придонес за користење на здравствената заштита во странство (член 147 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување);

4) придонесите за социјално осигурување определени со републички прописи (член 149 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување);

5) придонесот за социјално осигурување за случај на несреќа при работа и оболение од професионална болест;

6) вонредниот придонес за здравствено осигурување;

7) посебниот придонес за додатокот на деца.

Член 6

Како средства што на исплатителот на личните доходи му служат за учество во спроведувањето на здравственото осигурување (член 122 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување) се подразбираат:

1) делот на придонесот за здравствено осигурување што на исплатителот на личниот доход му го отстапила комуналната заедница на социјалното осигурување (член 122 ст. 1 и 3 од Законот за орга-

низацијата и финансирањето на социјалното осигурување);

2) дополнителните средства што ги плаќаат осигурениците од своите нето лични доходи на работниците (член 122 став 5 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување);

3) дополнителните средства што ги обезбедува исплатителот на личниот доход од средствата со кои самостојно располага (член 122 став 5 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување).

Член 7

Од личниот доход од работен однос од кој се пресметува и плаќа редовниот придонес за буџетите од личниот доход (член 5 став 2 точка 1) се пресметуваат и плаќаат основните придонеси за социјално осигурување (член 5 став 3) според збирната норма утврдена според членот 15 од овој правилник, ако со овој правилник и со други прописи не е определено поинаку, дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход, ако е пропишан во смисла на членот 12 од Законот, како и другите придонеси што се плаќаат од личниот доход, ако се определени.

Член 8

Придонесите од личниот доход од работен однос се пресметуваат со примена на определените норми, и тоа:

1) редовниот придонес за буџетите од личниот доход (член 5 став 2 точка 1) — со примена на нормата на тој придонес врз износот на исплатениот личен доход (врз бруто износот на личниот доход) од работен однос;

2) основните придонеси за социјално осигурување (член 5 став 3) — со примена на збирната норма на тие придонеси врз износот на исплатениот личен доход (врз бруто износот на личниот доход) од работен однос;

3) делот на основните придонеси за социјално осигурување според дополнителната норма на основните придонеси од 2,5% (член 5 став 4), додадениот придонес за здравствено осигурување (член 5 став 5 точка 1), додадениот придонес за инвалидско осигурување (член 5 став 5 точка 2) и посебниот придонес за додатокот на деца (член 5 став 5 точка 7) — со примена на определените норми на тие придонеси врз вкупниот износ на исплатените лични доходи (врз вкупниот бруто износ на личните доходи).

Ако за пресметување на редовните придонеси од личниот доход е определена паушална основица, тие придонеси се пресметуваат со примена на определени норми врз паушалната основица наместо врз фактично пресметаниот и исплатениот износ на личниот доход, ако со прописите за паушалните основици не е определено поинаку.

Ако редовните придонеси од личниот доход од работен однос се установени со посебни прописи во паушални износи, тие се пресметуваат и се плаќаат во тие паушални износи.

Дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход се пресметува, по правило, од основицата што ја сочинува пресметаниот износ на придонесот за буџетите од личниот доход. Ако придонесот за буџетите од личниот доход не се пресметува од основицата што ја сочинува пресметаниот придонес за буџетите од личниот доход, основицата за пресметување на тој дополнителен придонес ја сочинува бруто или нето износот на личниот доход на работникот (член 47).

Вонредниот придонес за буџетите од личниот доход се пресметува со примена на пропишаната норма врз основицата што ја сочинува збирот на разликите меѓу исплатениот износ на личниот доход на секој одделен работник и износот на личниот доход на тие работници на кој не се плаќа овој придонес, согласно со важечките прописи донесени врз основа на членот 13 став 10 од Законот.

Вонредниот придонес за здравствено осигурување (член 5 став 5 точка 6) што го плаќаат осигурениците се пресметува со примена на определената норма на тој придонес врз нето износот на исплатениот личен доход на секој одделен работник, ако со одлуката за воведување на овој придонес е определена нормата за примена врз нето износот на личниот доход. Овој придонес може да се пресметува и од бруто износот на личниот доход, и тоа со примена на нормата на тој придонес пресметана според членот 60 од овој правилник на норми што се применуваат врз бруто износите на личните доходи.

Придонесот за социјално осигурување за случај на несреќа при работа и професионално оболение (член 5 став 5) се пресметува со примена на нормата на тој придонес врз вкупниот нето износ на личниот доход на оние работници што се социјално осигурени само според одредбите од членот 20 став 1 точ. 1 и 2 од Законот за здравственото осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/62 и 53/62).

Член 9

Вонредниот придонес за здравствено осигурување што го плаќаат исплатителите на личниот доход се пресметува и се плаќа на начинот определен во членот 56 и 60 од овој правилник.

Придонесите за социјално осигурување определени со републички прописи (член 5 став 5 точка 3) се пресметуваат и плаќаат според тие прописи.

Член 10

Ако средствата на отстапениот придонес за здравствено осигурување (член 122 став 1 односно член 123 на Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување) не се достаточни, а дополнителните средства за таа цел делумно или во целина се обезбедуваат од личните доходи на работниците, средствата што се обезбедуваат од личните доходи на работниците се пресметуваат со примена на процентот утврден според членот 57 од овој правилник врз нето износот на исплатениот личен доход на секој одделен работник.

II УТВРДУВАЊЕ НА ОСНОВИЦИТЕ И ПРЕСМЕТУВАЊЕ НА ПРИДОНЕСИТЕ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД ОД РАБОТЕН ОДНОС

А. Стопански организации

Член 11

Како стопански организации, во смисла на овој правилник, се подразбираат: претпријатија, дуќани, задруги, деловни здруженија, заедници на стопански организации што работат како стопански организации, како и установите и другите организации што според принципите на стопанското работење редовно и трајно остваруваат доход, ако со сојузни прописи не е определено да го утврдуваат личниот доход и да ги пресметуваат придонесите од личниот доход на начинот на кој го прават тоа државните органи и установи.

1. Утврдување на личниот доход на работникот

Член 12

Како личен доход од работен однос, во смисла на членот 2 став 1 од овој правилник, остварен во стопанската организација се подразбираат особено:

1) личните доходи пресметани по основите и мерилата утврдени во правилникот за расподелба на личните доходи, и отпремнината што се дава според членот 307 од Законот за работните односи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 17/61);

2) хонорарите;

3) надоместоците наместо личните доходи што се даваат за искористен и за неискористен годишен одмор (член 36 од Законот за работните односи), надоместокот за време на прекинот на работата, надоместокот за платено отсуство, надоместокот за време на отстранувањето од работа и другите надоместоци на личните доходи што паѓаат на товар на стопанската организација, како и надоместоците за време на воена вежба, предвојничка обука, вежба на цивилната заштита и другите надоместоци што се рефундираат од други исплатители, освен надоместоците по основот на социјално осигурување;

4) износите на странска валута што ги прима вкрцаниот персонал во речниот и поморскиот сообраќај за време на престојот на пловниот објект надвор од границите на Југославија односно надвор

од крајбрежното море на СФРЈ, како и износите на странска валута што му се исплатуваат на линискиот персонал на речниот сообраќај стациониран во странство, и тоа без оглед дали се тие износи во височината во која, според посебни прописи, се признаваат во материјални трошоци на стопанската организација, или се над таа височина;

5) примањата во натура во предмети или услуги по основот на работен однос, освен оние примања што според посебни сојузни прописи задолжително им се даваат на работниците. Вредноста на тие примања се утврдува во височината определена со прописите на надлежниот орган. Ако со прописи не е определена вредноста на некои примања во натура, во личниот доход тие примања се внесуваат по набавната цена, а ако предметите што се даваат во натура ги произведува самата стопанска организација односно ако самата ги врши услугите — по продажната цена. Ако таквите предмети стопанската организација не ги продава — вредноста се пресметува по пазарната цена што, според месните прилики, ја утврдува органот на управата на општинското собрание надлежен за работите на финансиите;

6) надоместоците поради одвоен живот од фамилијата и теренските додатоци, без оглед дали тие надоместоци односно додатоци се исплатени во височината во која, според посебните прописи, се признаваат во материјалните трошоци на стопанската организација или се над таа височина;

7) делот на дневниците и делот на другите надоместоци на трошоците за службени патувања, што ги применуваат износите определени со прописите донесени според членот 17 став 2 од Законот односно според членот 16 став 3 од Законот за придонесот од доходот на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/61, 26/61, 12/62 и 12/63);

8) надоместоците за работа на договорни поштари и договорни селски поштари според Правилникот за регулирање на работните односи со лицата што вршат поштенско-телеграфско-телефонска служба врз основа на договор („Службен лист на ФНРЈ", бр 32/54 и 54/57);

9) дел од средствата наменети за лични доходи на работниците што стопанската организација ќе го употреби во корист на работниците во смисла на членот 49 од Законот.

Како личен доход од работен однос, во смисла на членот 2 став 1 на овој правилник, се подразбираат и примањата од членот 16 на Законот, што според тие одредби се изедначени со личниот доход од работен однос.

Како личен доход од работен однос во смисла на овој правилник се сметаат и издатоците што се признаваат како материјални трошоци на стопанските организации според Наредбата за материјалните и другите трошоци на работењето на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/61, 4/62 и 22/62 и „Службен лист на СФРЈ", бр. 26/63), и тоа:

1) платата на странските работници врз основа на меѓународни спогодби за размена, според посебни прописи што, во согласност со Сојузниот секретаријат за финансии ги донесува Сојузниот секретаријат за трудот, и тоа до височината на личниот доход односно платата на соодветниот домашен работник (точка 5 под 8 од споменатата наредба), ако со таа спогодба не е определено поинаку;

2) надоместокот во височина на двомесечниот личен доход исплатен на членовите на посадата на бродот што претрпел бродолом, во стопанските организации на поморското стопанство и речниот сообраќај (точка 5 под 12 од споменатата наредба);

3) надоместокот за работа во привремен работен однос во смисла на чл. 160 до 165 од Законот за работните односи (точка 5 под 10 од наведената наредба).

Освен издатоците што според ст. 1 до 3 на овој член се сметаат како лични доходи, другите издатоци според наведената наредба не се сметаат како личен доход.

Како примања од работен однос не се сметаат ниту казните изрекнати според членот 78 од Законот за општественото книговодство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 39/62), како ни паушалниот износ на придонесот за социјално осигурување кој го плаќаат стопанските организации за работниците на неплатено отсуство според Наредбата за минималните и паушалните основици и паушалните износи за пресметување и плаќање на придонесот за социјално осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 3/61 и 16/61).

2. Редовен односно постојан работен однос

Член 13

Како редовен односно постојан работен однос, во смисла на одредбите од овој правилник, се подразбира работниот однос кој според членот 3 став 2 на Законот за работните односи се смета како редовен работен однос.

Како примања од редовен работен однос, во поглед на пресметувањето и плаќањето на придонесите од личниот доход од работен однос, се сметаат, покрај примањата на наставниот персонал (професори, доценти и асистенти) остварени на медицински факултет, и примањата на тие лица остварени од наставна работа во редовно работно време на универзитетски клиники и други здравствени установи каде тој персонал врши наставна работа.

Член 14

Основиците на редовниот придонес за буџетите од личниот доход и основицата на основните придонеси за социјално осигурување од редовен односно постојан работен однос ја сочинуваат вкупните примања од работен однос наведени во членот 12 од овој правилник, што му се исплатуваат на еден работник во врска со еден исплатен документ (платен список, признаница, сметка и сл.), без оглед на времето во текот на една календарска година на кое се однесува тоа примање, ако со посебни прописи не е определено поинаку.

Придонесите од членот 5 став 2 точ 2 и 3 и ст. 4 и 5 точ. 1 и 2 на овој правилник и дополнителните средства од членот 6 на овој правилник се пресметуваат од основиците од чл. 51, 52, 56 и 57 на овој правилник.

Ако за пресметување на основните придонеси за социјално осигурување (член 5 став 1 точка 2) е определена паушална основица, тие придонеси се пресметуваат со примена на нормите од членот 15 на овој правилник врз определената основица.

Ако основните придонеси за социјално осигурување се пресметуваат врз минималната основица определена во нето износ или врз остварените нето лични доходи, тие придонеси се пресметуваат со примена на нормите од членот 16 на овој правилник.

Од личниот доход на лицата запослени во месни заедници и станбени задруги се пресметуваат и плаќаат придонесите од личниот доход според одредбите од овој правилник, ако тие придонеси не се пресметуваат и не плаќаат според Наредбата за паушалните износи на придонесите од личниот доход на лицата запослени во станбени заедници и станбени задруги („Службен лист на ФНРЈ", бр. 31/59 и 3/61).

Член 15

Од остварениот личен доход од редовен (постојан) работен однос се пресметуваат и плаќаат придонесите по нормите, и тоа:

1) редовниот придонес за буџетите од личниот доход — по нормата од 15%;

2) основните придонеси за социјално осигурување — по збирната норма што се добива со собирање на нормите што се определени посебно за секој од овие придонеси. На пример, ако нормата на основниот придонес за здравствено осигурување е определена во височината од 8,3%, нормата на основниот придонес за инвалидско осигурување во височина од 3,5%, нормата на придонесот за пензиско осигурување во височина од 6%, нормата на редовниот придонес за додатокот на деца во височина од 3,7% и нормата на придонесот за службата

за запослување на работниците во височина од 0,5%, сите овие придонеси ќе се пресметуваат со примена на збирната норма од 22%.

Член 16

Ако личните доходи се пресметуваат и исплатуваат во нето износи, редовниот придонес за буџетите од личниот доход и основните придонеси за социјално осигурување се пресметуваат и плаќаат според пресметаните норми.

Пресметаните норми на придонесите од ставот 1 на овој член се пресметуваат на тој начин што пропишаната норма на редовниот придонес за буџетите од личниот доход односно збирната норма на основните придонеси за социјално осигурање се множи со 100 и производот се дели со бројот 100 намален со збирот на нормите кој се добива со собирање на нормата на редовниот придонес за буџетите од личниот доход и збирната норма на основните придонеси за социјално осигурување. Пресметувањето на нормите се врши според следната формула:

1) нормата на редовниот придонес за буџетите од личниот доход:

$$\frac{\text{нормата на придонесот за буџетите од личниот доход} \times 100}{100 - (\text{нормата на редовниот придонес за буџетите од личниот доход} + \text{збирната норма на основните придонеси за социјално осигурување})}$$

2) збирната норма на основните придонеси за социјално осигурување:

$$\frac{\text{збирната норма на основните придонеси за социјално осигурување} \times 100}{100 - (\text{нормата на редовниот придонес за буџетите од личниот доход} + \text{збирната норма на основните придонеси за социјално осигурување})}$$

На пример, ако нормата на редовниот придонес за буџетите од личниот доход е 15%, а збирната норма на основните придонеси за социјално осигурување е 22%, нивниот збир изнесува 37,%, а пресметаните норми на тие придонеси изнесуваат:

1) нормата на редовниот придонес за буџетите од личниот доход:

$$\frac{15 \times 100}{100 - (15 + 22)} = \frac{1500}{100 - 37} = 1500 : 63 = 23{,}81\%;$$

2) збирната норма на основните придонеси за социјално осигурување:

$$\frac{22 \times 100}{100 - (15 + 22)} = \frac{2200}{100 - 37} = 2200 : 63 = 34{,}92\%.$$

По нормите пресметани на начинот од ставот 2 на овој член се пресметуваат редовниот придонес за буџетите од личниот доход и основните придонеси за социјално осигурување и врз износот на вишокот на дневниците и трошоците за службени патувања и други примања на работниците над износите што на стопанската организација ѝ се признаваат како материјални трошоци односно трошоци на работењето, како и на вредноста на давањата во натура.

По нормите пресметани на начинот од ставот 2 на овој член се пресметуваат придонесите и на делот на средствата наменети за лични доходи на работниците што ќе то употреби стопанските организација во корист на работниците (член 12 став 1 точка 9).

Член 17

Од личниот доход на одделни работници можат редовниот придонес за буџетите од личниот доход и основните придонеси за социјално осигурување да се пресметуваат според збирот на нормите од членот 15 на овој правилник — ако личните доходи се пресметуваат и исплатуваат во бруто износи, односно според збирот на нормите од членот 16 на овој правилник — ако личните доходи се пресметуваат и исплатуваат во нето износи. Вкупниот пресметан износ на тие придонеси се распоредува според учеството на нивните норми во збирот на нормите. На пример, ако збирот на нормите на овие придонеси врз бруто износите на личните доходи изнесува 37%, а збирот на нормите врз нето износите на личните доходи изнесува 58,73%, од придонесите пресметани според збирот на нормите отпаѓа на:

1) редовниот придонес за буџетите од личниот доход:

1500 : 37 = 40,541%, односно 2381 : 58,73 = 40,541%;

2) основните придонеси за социјално осигурување:

2200 : 37 = 59,459%, односно 3492 : 58,73 = 59,459%.

Ако за исплатителот на личниот доход што ги пресметува редовниот придонес за буџетите од личниот доход и основните придонеси за социјално осигурување според збирот на нормите е пропишан и дополнителен придонес за буџетите од личниот доход, нормата на дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход може да се пресмета според членот 47 од овој правилник и така пресметана да му се додаде на збирот на нормите. На пример, ако е пропишан дополнителен придонес за буџетите од личниот доход по нормата од 15% од износот на редовниот придонес за буџетите од личниот доход, на таа норма ѝ одговора нормата од 0,75% од бруто износот на личниот доход која ќе ѝ се додаде на нормата од 37% и според нивниот збир од 37,75% се пресметуваат: редовниот придонес за буџетите од личниот доход, основните придонеси за социјално осигурување и дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход. Во тој случај од вкупниот збир на сите овие придонеси отпаѓа на:

1) редовниот придонес за буџетите од личниот доход (1500 : 37,75) — — — — 39,735%;
2) дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход (75 : 37,75) — — — — 1,987%;
3) основните придонеси за социјално осигурување (2200 : 37,75) — — — — — 58,278%.

На начинот од ставот 2 на овој член може да се постапи и кога вонредниот придонес за здравствено осигурување го плаќаат осигурениците, како и кога од нето личните примања на работниците се обезбедуваат потребни дополнителни средства за надоместок на личните доходи според членот 122 став 5 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување. На пример, ако покрај придонесите од ставот 2 на овој член се плаќаат од примањата на работниците и вонредниот придонес за здравствено осигурување по нормата од 1,5% и потребните дополнителни средства по нормата од 0,5%, збирот на сите норми пресметани за примена врз бруто износот на личниот доход ќе биде 39,01% (т.е. 37,75 + 0,945 + 0,315), па од вкупниот износ на сите овие придонеси ќе отпадне на:

1) редовниот придонес за буџетите од личниот доход 1500 : 39,01 = 38,452%;
2) дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход 75 : 39,01 = 1,923%;
3) основните придонеси за социјално осигурување 220 : 39,01 = 56,396%;
4) вонредниот придонес за здравственото осигурување 94,5 : 39,01 = 2,422%;
5) дополнителните средства според членот 122 од наведениот закон 31,5 : 39,01 = 0,807%.

Член 18

Од примањата на членовите на селанските работни задруги што не се во редовен работен однос со задругата, не се пресметуваат и не се плаќаат придонесите од личниот доход, ако тие примања не се во смисла на членот 16 точка 1 од Законот изедначени со личнот доход од работен однос.

Член 19

Од износот на теренските додатоци и на надоместоците поради одвоен живот од фамилијата што според посебни прописи им се признаваат на стопанските организации во материјални трошоци, се пресметува и се плаќа придонесот за буџетите од

личниот доход и дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход ако е пропишан.

На вишокот над износите од ставот 1 на овој член се пресметуваат и плаќаат сите придонеси што се пресметуваат и плаќаат од личниот доход од работен однос.

Член 20

Од личниот доход југословенските државјани запослени во странство кај југословенски органи, установи, стопански и други организации или во домаќинствата на тие осигуреници — југословенски државјани односно во домаќинствата на југословенските државјани запослени во меѓународни организации, како и од личниот доход на лицата упатени на стручно усовршување во странство што се задржани во работен однос, се пресметуваат и плаќаат придонесите од личниот доход од работен однос по нормите од членот 15 односно членот 16 на овој правилник, и тоа само од износот на личниот доход што би го имале тие осигуреници да се на работа во Југославија.

Ако во странската земја во која е запослен работникот на личниот доход од ставот 1 на овој член се плаќа придонес или сличен данок, од личниот доход што тој работник би го имал да е на работа во земјата нема да се пресметува ниту плаќа придонесот за буџетите од личниот доход од работен однос, туку само придонеси за социјално осигурување.

На разликата помеѓу личниот доход остварен во странство, пресметан според единствениот пресметковен курс. и личниот доход што би го имал односниот работник да е на работа во Југославија, се плаќа само посебниот придонес за користење на здравствената заштита во странство по нормата од 5% (Одлуката за височината на посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство — „Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/62).

Ако му е на работник запослен во странство личниот доход определен во странска валута во бруто износ (т.е ако од тој износ се запираат и се дозначуваат во земјата придонесите од личниот доход што би го имал работникот да е на работа во земјата), разликата од ставот 3 на овој член се изнаоѓа меѓу тој износ што го прима работникот во странство, пресметан по единствениот пресметковен курс, и бруто износот на личниот доход што работникот би го имал да е на работа во земјата. Ако, на работникот запослен во странство нето износот на личниот доход му е определен во странска валута, а исплатителот во земјата ги исплатува покрај тоа и износите на придонесите од личниот доход што би го имал работникот да е на работа во земјата, разликата од ставот 3 на овој член се изнаоѓа меѓу тој нето износ на личниот доход во странска валута, пресметан по единствениот пресметковен курс, и нето износот на личниот доход што би го имал работникот да е на работа во земјата. На пример, ако нето износот на личниот доход во странска валута изнесува 300 долари, а личниот доход што таков работник би го имал во земјата изнесува 60.000 динари, при норма на посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство од 5%. разликата односно придонесот се пресметува на следниов начин:

	Динари	Динари
1) личниот доход во странство пресметнат по единствениот пресметковен курс (300 × 750) изнесува нето — — — — —		225.000
2) личниот доход во земјата изнесува бруто 60.000 динари, со тоа што од тоа треба да се одбие:		
а) редовниот придонес за буџетите од личниот доход (15% од 60.000 динари) — — —	9.000	
б) основниот придонес за социјално осигурување (22% од 60.000) — — — — — —	13.200	
в) вкупно придонеси (а + б) —	22.200	
3) нето износот на личниот доход во земјата (2 минус 2 под в) —		37.800
4) разликата на која се плаќаат 5% придонес за здравствено осигурување изнесува (1 минус 3)		187.200
5) 5% придонес од износот под 4		9.360

Според тоа, во изнесениот пример исплатителот на личниот доход ги уплатува во земјата сите редовни придонеси од личниот доход (22.200 динари — став 4 точка 2 под в) и 5% на посебниот придонес за здравствено осигурување на разликата помеѓу примањата во странство и во земјата (9.360 динари — став 4 точка 5).

Ако работникот запослен во странство плаќа данок на доход па заради тоа не плаќа придонес за буџетите од личниот доход во смисла на ставот 2 од овој член, разликата за пресметување и плаќање на посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство по нормата од 5% се изнаоѓа онака како што е изнесено во ставот 4 на овој член т.е помеѓу нето примањето во странство, пресметано според единствениот пресметковен курс, и нето примањето што би го имал работникот да е на работа во земјата.

Ако работникот, запослен во странство, е должен самиот да го пресметува и од своите средства да го плаќа посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство тој придонес се пресметува врз основицата утврдена според ставот 4 од овој член, и тоа со примена на нормата од 4,76% (која се применува врз основицата во која е содржан и износот на тој придонес, а која ѝ одговара на нормата од 5% што се применува врз нето износот).

Југословенските државјани запослени како поморци на странски бродови по основот на одобрение од надлежниот орган, на кои здравственото осигурување им е обезбедено во странство од странскиот носител на осигурувањето во смисла на членот 14 од Законот за здравственото осигурување, плаќаат дел на придонесот за социјално осигурување во височината од 70% од пресметаниот придонес.

Член 21

Југословенските државјани што врз основа на меѓународна или посебна спогодба или врз основа на одобрение од надлежниот орган непосредно од работен однос во Југославија стапиле во работен однос во странство или кај меѓународни организации во странство односно во земјата, а се осигурени според југословенските прописи за социјално осигурување, ги плаќаат придонесите за социјално осигурување самите. Придонесите се пресметуваат од основицата што ја сочинува личниот доход што би го имале тие лица да се запослени во Југославија, и тоа по нормите по кои придонесите се плаќаат за осигурениците запослени во Југославија.

Југословенските државјани кои по одобрение од надлежниот орган стапиле во странство во работен однос кој не е заснован врз меѓународен договор односно посебна спогодба, а се осигурени според југословенските прописи за социјално осигурување, ги плаќаат придонесите за социјално осигурување самите за гранките на осигурувањето за кои се осигурени, во смисла на одредбите од членот 14 став 1 на Законот за здравственото осигурување, членот 14 став 2 од Законот за пензиското осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 51/57, 44/58, 27/59, 48/59, 10/61, 22/62 и 53/62) и членот 16 став 2 од Законот за инвалидското осигурување („Службен лист на ФНРЈ", бр. 49/58, 27/59 и 53/62). Придонесите се пресметуваат од основицата што ја сочинува за 60% наголемениот износ на просечниот пензиски основ (член 63 од Законот за пензиското осигурување) на највисокиот осигуренички разред во кој се распоредува осигуреникот според категоријата на работното место во смисла на членот 64 став 2 до 5 на Законот за пензиското осигурување, а со оглед на работата што ја врши во странство, со тоа што

за осигурување на прва категорија на работно место да се зема Iа осигуренички разред.

Ако лицата од ставот 1 на овој член примаат личен доход делумно во странска валута од странски или од домашен исплатител на личен доход, а делумно во домашна валута од домашен исплатител на личен доход, придонесите од личниот доход се плаќаат во домашната валута. Придонесите се пресметуваат од основицата од ставот 1 на овој член, а ги пресметуваат и уплатуваат домашните исплатители на личниот доход.

Осигурениците од ст. 1 и 3 на овој член го плаќаат самите посебниот придонес за користење здравствената заштита во странство, утврдувајќи ја основицата на начинот од членот 20 став 4 на овој правилник. Посебниот придонес за користење здравствена заштита во странство не се плаќа ако здравствената заштита во странство е обезбедена од странскиот носител на осигурувањето.

Член 22

На наградите на учениците во стопанството, учениците на стручните училишта со практична обука и глувите ученици — рехабилитанти, на наградите за работа на студентите и учениците на средните училишта за времето на практична работа во стопански организации и кај други исплатители на тие награди, како и на наградите исплатени на странски студенти за време на практичната работа врз основа на спогодбата за размена на студенти, не се плаќа придонесот за буџетите од личниот доход, туку се плаќаат само придонесите за социјално осигурување според прописите донесени врз основа на членот 149 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување.

3. Привремен работен однос

а) Привремен работен однос според чл. 160 до 165 од Законот за работните односи

Член 23

Како примања од привремен работен однос предвиден во чл. 160 до 165 од Законот за работните односи, се сметаат примањата на лицата на кои работата во работен однос не им е редовно и главно занимање, а тие примања ги остварат за работа на работи што, според одредбите од Упатството за спроведување на одредбите за привремениот работен однос од Законот за работните односи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 23/59), се сметаат за повремени работи односно работи на работни места на кои нема потреба од полно редовно работно време.

Ако работите од ставот 1 на овој член ги врши лице на кое тоа му е единствено и главно запослување, оствареното примање во поглед на пресметувањето и плаќањето на придонесот за буџетите од личниот доход се смета за примање од постојан а не од привремен работен однос. Писмена изјава дека му е тоа единствено и главно запослување, му дава на исплатителот примателот на личниот доход.

Ќе се смета дека постои единствено и главно запослување, во смисла на ставот 2 од овој член, ако лицето што ги врши работите од ставот 1 на овој член не е во тоа време во редовен (постојан) работен однос со ниеден исплатител на личен доход.

Не се смета, во смисла на овој правилник, дека се остварени во привремен работен однос примањата на лицата што вршат некаква стопанска (тековинска) или самостојна професионална дејност и што според тој основ се пријавуваат како даночни обврзници на данок на доход, без оглед дали услугата што ќе им ја извршат на орган, установа, стопанска организација, задружна организација, општествено-политичка или друга организација спаѓа во делокругот на нивната стопанска (тековинска) дејност односно занимања или не.

По исклучок од одредбата на ставот 4 од овој член, ако лицата што за вршење определен вид дејности плаќаат данок на доход во постојан (паушален) износ им чинат други услуги на органите и организациите од ставот 4 на овој член, а не услуги за кои плаќаат данок на доход во постојан — паушален износ, надоместокот што го примаат за тие услуги се смета како личен доход од дополнителна работа според членот 26 на овој правилник.

Член 24

Ако лицата што примаат пензија или инвалиднина вршат работи од членот 23 став 1 на овој правилник само кај еден исплатител на личен доход, ќе се смета дека тоа примање потекува од единствено и главно запослување, а ако остварува примања од привремен работен однос од повеќе исплатители кај кои истовремено се наоѓаат во привремен работен однос, во поглед на пресметувањето и плаќањето на придонесот за буџетите од личното примање остварено од исплатителот со кој најрано е заснован привремен работен однос се смета како примање од редовен (постојан) работен однос, а примањето од другите исплатители — како примање од привремен работен однос.

Член 25

Од примањата според чл. 23 и 24 на овој правилник, освен примањата наведени во членот 23 став 2 на овој правилник, се пресметува редовниот придонес за буџетите од личниот доход по нормата од 26%. Ако примањето е договорено во нето износ, на тој износ исплатителот го пресметува и уплатува наведениот придонес по нормата од 35,13%.

Од примањата наведени во членот 23 став 2 на овој правилник, се пресметува и плаќа редовниот придонес за буџетите од личниот доход по нормата од 15%, односно по нормата од 17,65% ако примањето е договорено во нето износ.

На нето износот на примањата од ст. 1 и 2 на овој член исплатителот на личниот доход го пресметува и уплатува придонесот за социјално осигурување за случај на несреќа при работа и оболение од професионална болест — по нормата што во смисла на членот 149 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување ја пропишуваат социјалистичките републики.

При отстапувањето на стопанските организации на делот на придонесот за здравствено осигурување, според одредбите од членот 122 на Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување, комуналните заедници ги земаат предвид и лицата што се наоѓаат во привремен работен однос.

б) Дополнителна или хонорарна работа

Член 26

Како примања од дополнителна или хонорарна работа во поглед на пресметувањето и плаќањето на придонесите од личниот доход, се сметаат примањата на лицата на кои работата во редовен работен однос им е единствено и главно занимање, ако тие примања се остварени од исплатители со кои тие лица не се во редовен односно постојан работен однос.

Како примања од ставот 1 на овој член се сметаат и примањата остварени за работа во комисии, за учество на седници во претставнички тела, примањата во други органи (примања на поротници односно повремени судии), како и надоместоците на сведоците, наградите за вештачење кај судовите или другите органи, и слично, ако се тие примања остварени од исплатители со кои тие лица не се во редовен односно постојан работен однос.

Како примања од ст. 1 и 2 на овој член не се сметаат надоместоците на трошоците за сведоците, вештаците и толкувачите во кои спаѓаат надоместоците на патните трошоци, т.е. надоместоците за превоз со редовни сообраќајни средства односно надоместоците во вид на километража како и на-

доместоците на трошоците за исхрана и ноќевање што се даваат според одредбите од чл. 4 до 11 на Уредбата за надоместокот на трошоците во кривичната и процесната постапка („Службен лист на ФНРЈ", бр. 50/59) и надоместоците на лицата што вршат приватна професионална дејност на која се плаќа данок на доход.

Не се сметаат како примања во смисла на ст. 1 и 2 од овој член повремените примања што ги остваруваат продавачите на среќки на Југословенската лотарија според договорот со Лотаријата, повереницite на осигурителен завод што не се со заводот во редовен односно постојан работен однос, лицата што не се никаде во работен однос и што го вршат производството или услугите во својот стан со надоместок по парче производ (работа на „сиц"), како и другите примања на кои се плаќа данок на доход според членот 124 од Уредбата за данокот на доход („Службен лист на ФНРЈ", бр. 22/61, 53/61, 30/62 и 42/62).

Член 27

Од примањата од членот 26 ст. 1 и 2 на овој правилник се пресметуваат и плаќаат редовните придонеси од личниот доход од работен однос по следниве норми:

1) редовниот придонес за буџетите од личниот доход — по нормата од 26%;

2) основниот придонес за социјално осигурување — по збирната норма што се добива на начинот од членот 15 на овој правилник.

Покрај придонесот од ставот 1 на овој член, се пресметуваат и плаќаат и другите придонеси за социјално осигурување, како и дополнителните средства за социјално осигурување ако се определени.

Член 28

Ако некои примања се остварат во нето износи, придонесите и дополнителните средства од членот 27 на овој правилник се пресметуваат и плаќат врз нето износите со примена на нормите на тие придонеси пресметнати во смисла на членот 16 став 1 од овој правилник на нето износи.

Б. Државни органи

Член 29

Како државни органи, во смисла на овој правилник, се подразбираат претставничките тела на општествено-политичките заедници (собранијата), нивните политичко-извршни органи и органите на управата, управните установи, како и организациите на чии службеници и работници се однесува Законот за јавните службеници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/57, 44/58, 1/59, 52/59, 27/60, 53/60, 52/61 и 31/62) и прописите донесени врз основа на тој закон.

1. Редовен односно постојан работен однос

а) Утврдување на личниот доход

Член 30

Како личен доход од редовен односно постојан работен однос, во смисла на членот 2 став 1 од овој правилник, остварен од државниот орган односно установа со кои службеникот или работникот е во редовен односно постојан работен однос, се подразбираат особено:

1) основната и положајната плата на службеникот, како и отпратнината според членот 134 од Законот за јавните службеници;

2) платата на техничкиот персонал и на помошните службеници;

3) основната и положајната плата, односно примањата (личниот доход за работа) на членовите на претставничките тела;

4) посебните додатоци;

5) премиите, наградите и хонорарите;

6) теренскиот додаток и надоместокот поради одвоен живот од фамилијата до височината определена со посебни прописи (член 33), надоместокот за прекувремена работа, едномесечната плата поради преместување на службеник според членот 204 од Законот за јавните службеници, како и другите надоместоци што имаат карактер на плата, а не на надоместок на трошоците сторени при вршењето на службата. Дневниците и трошоците за службени патувања, селидбените трошоци и другите онерозни примања, во износите и под условите определени со посебни прописи, имаат карактер на надоместоци на сторените трошоци а не карактер на плата;

7) примањата во натура по основот на работен однос, освен примањата во натура кои според посебни сојузни прописи им се даваат на службениците. Вредноста на примањата во натура по основот на работен однос што се сметаат како личен доход се утврдува во височината определена со сојузни или републички прописи или со прописи на народниот одбор. Ако со тие прописи не е определена вредноста на некои примања во натура, во личниот доход тие примања се внесуваат според пазарната цена.

Како личен доход од работен однос се сметаат и сите други примања остварени по основот на работен однос од државниот орган или установата со која службеникот или работникот е во редовен односно постојан работен однос, освен оние што според посебни сојузни прописи задолжително му се даваат на службеник или работник и на оние кои според членот 17 од Законот не се сметаат како личен доход.

Како личен доход, во смисла на ст. 1 и 2 на овој член, се подразбираат сите примања во нето износи наведени во ст. 1 и 2 од овој член, наголемени со износите на редовните придонеси од личниот доход пресметани врз тие примања по нормите од членот 32 на овој правилник (член 65 став 3 од Законот за јавните службеници).

На пример, ако изнесуваат:

	Динари
1) основната плата — — — —	34.800
2) положајната плата — — — —	17.000
3) посебниот додаток — — — —	3.500
4) вкупно (1 до 3) — — — —	55.300

придонесите од личниот доход од работен однос, ако нормата на основните придонеси за социјално осигурување е 22%, изнесуваат, и тоа:

а) редовниот придонес за буџетите од личниот доход — по нормата од 23,81% од износот под 4 — — — — — — —	13.167
б) основните придонеси за социјално осигурување — по збирната норма од 34,92%	19.311
Вкупно придонеси — — — — — —	32.478
Вкупно личен доход — — — — —	87.778

б) Основица и пресметување на придонесите

Член 31

Основицата за пресметување на придонесите од личниот доход од работен однос ја сочинува вкупното примање од работен однос (член 30), што му се исплатува на еден службеник и работник во врска со еден исплатен документ (платен список, признаница, сметка и сл.), без оглед на времето во текот на една календарска година на кое личниот доход т.е, нето износот на платата и на другите примања се однесува.

Член 32

На основицата од членот 31 на овој правилник се пресметуваат и плаќаат придонесите по следниве норми:

1) редовниот придонес за буџетите од личниот доход — по нормата пресметана на начинот од членот 16 став 2 точка 1 од овој правилник;

2) основните придонеси за социјално осигурување по збирната норма пресметана на начинот од членот 16 став 2 точка 2 на овој правилник.

По еден исплатен документ (платен список, признаница и сл.) можат придонесите од ставот 1 на овој член за секој одделен службеник или работник да се пресметат според пресметнатиот збир на нормите.

По еден исплатен документ можат одделни придонеси од личниот доход од работен однос, наместо индивидуално по одделен службеник и работник, да се пресметат по нормите од ставот 1 на овој член и од вкупниот збир на нето примањата на сите службеници и работници.

Член 33

На износите на теренските додатоци и надоместоците поради одвоен живот од фамилијата, чија височина со посебни прописи е определена во нето износи, се пресметува и плаќа само редовниот придонес за буџетите од личниот доход од работен однос по нормата од 17,65%. Исплатителот на овие додатоци и надоместоци го плаќа придонесот за буџетите на товар на средствата на товар на кои ги исплатува и теренските додатоци односно надоместоците поради одвоен живот од фамилијата.

Од износот на теренските додатоци и надоместоците поради одвоен живот од фамилијата се плаќа и дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход ако е пропишан.

Член 34

На примањата на југословенските државјани запослени кај југословенски дипломатски и конзуларни претставништва и други мисии со јавноправен карактер во странство, или кај други единици на југословенски органи, установи или општествени организации, или кои по работа на такви правни лица непосредно се упатени на работа во странство — согласно ќе се применуваат одредбите од членот 20 на овој правилник.

2. Привремен работен однос

а) Привремен работен однос според чл. 160 до 165 на Законот за работните односи

Член 35

Одредбите од чл. 23 до 25 на овој правилник согласно важат и за примањата од привремен работен однос остварени од државни органи и установи.

б) Дополнителна или хонорарна работа

Член 36

Одредбите од чл. 26 до 28 на овој правилник согласно важат и за примањата од дополнителна или хонорарна работа остварени од државни органи и установи.

Како примања од дополнителна или хонорарна работа се сметаат и примањата остварени за повремена работа на работите од членот 20 на Уредбата за хонорарните службеници и за повремената работа во државните органи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/59), ако се остварени од исплатител со кој примателот не е во редовен (постојан) работен однос, како и примањата на лицата од хонорарна работа со неполно работно време, а таа работа не им е редовно и главно запослување.

Како примања од дополнителна работа, во смисла на ст. 1 и 2 од овој член, не се сметаат примањата на спортистите (хранарина, премии, награди и други приходи) од шаховски, спортски и други организации за физичка култура, без оглед дали тие примања ги остваруваат спортисти што се веќе некаде во редовен (постојан) работен однос или не.

Б. Приватни работодавци

Член 37

Како приватни работодавци, во смисла на овој правилник, се подразбираат граѓаните и граѓанските правни лица, деловните единици на странски претпријатија што имаат седиште на територијата на Југославија, како и сите други работодавци што запослуваат работници и службеници на територијата на Југославија, ако со Законот не е определено поинаку

Член 38

Ако работодавецот нема живеалиште или седиште на територијата на Југославија, или ако на територијата на Југославија ужива дипломатски имунитет, работникот и службеникот запослен кај тој работодавец, ако е обврзник на придонесот од личниот доход остварен во работниот однос со тој работодавец, е должен самиот да ги извршува сите оние обврски што со законот, со овој правилник и со други прописи се ставени во должност на работодавецот (исплатителот на личниот доход). На ист начин се должни да постапуваат и работниците и службениците и кога според чл. 30 и 31 на Законот е определено тие да ги пресметуваат и уплатуваат придонесите од својот личен доход иако работодавецот (исплатителот на личниот доход) не ужива дипломатски имунитет, освен деловните единици на странските претпријатија што се во Југославија обврзници на данокот на доход.

1. Редовен односно постојан работен однос

а) Утврдување на личниот доход

Член 39

Како личен доход од редовен односно постојан работен однос, во смисла на членот 2 став 1 на овој правилник, остварен од приватен работодавец со кој е работникот во редовен постојан работен однос, се подразбираат особено:

1) договорените плати;

2) заработките што се пресметуваат и се исплатуваат според ефектот;

3) примањата во натура по основот на работен однос, освен оние примања што според посебни сојузни прописи задолжително им се даваат на работниците. Вредноста на тие примања се утврдува во височината определена со сојузни или републички прописи или со прописи на народниот одбор. Ако со тие прописи не е определена вредноста на некои примања во натура, во личниот доход тие примања се внесуваат според пазарната цена;

4) теренските додатоци и надоместоците поради одвоен живот од фамилијата;

5) наградите, хонорарните и другите постојани и повремени примања по основот на работен однос, како и сите други примања што во стопанските организации се земаат како личен доход (дневници и други патни трошоци над износите што во стопанските организации се признаваат во материјални трошоци и сл.).

б) Основица и пресметување на придонесите

Член 40

Основицата на придонесите од личниот доход од работен однос ја сочинува вкупното примање од работен однос (член 39) што му се исплатува на еден работник во врска со еден исплатен документ (платен список, признаница, сметка и сл.).

Член 41

Основните придонеси за социјално осигурување, за работниците запослени кај приватни работодавци, ги плаќаат приватните работодавци од своите средства. Бруто личниот доход на лицата запослени кај приватни работодавци е помал за износот на основните придонеси за социјално осигурување.

Од вака намалениот личен доход се пресметува и плаќа редовниот придонес за буџетите од личниот доход по нормата што се пресметува според формулата:

$$\frac{\text{норма на придонесот за буџетите од личниот доход} \times 100}{100 - \text{збирната норма на основните придонеси за социјално осигурување}}$$

Основните придонеси за социјално осигурување се пресметуваат и се плаќаат по збирната норма што се добива според формулата:

$$\frac{\text{збирната норма на основните придонеси за социјално осигурување} \times 100}{100 - \text{збирната норма на основните придонеси за социјално осигурување}}$$

Така, на пример, ако збирната норма на основните придонеси за социјално осигурување изнесува 22%, пресметнатите норми по кои приватните работодавци ги пресметнуваат овие придонеси изнесуваат:

1) нормата на придонесот за буџетите од личниот доход на работниците:

$$\frac{15 \times 100}{100 - 22} = 1.500 : 78 = 19{,}23\%$$

2) нормата на основните придонеси за социјално осигурување:

$$\frac{22 \times 100}{100 - 22} = 2.200 : 78 = 28{,}21\%$$

Овие норми се применуваат врз бруто износите на личните доходи на работниците, пресметани во намален износ во смисла на ставот 1 од овој член.

Врз личниот доход во нето износ остварен од приватен работодавец се пресметуваат и плаќаат придонесите според пресметнатите норми од членот 16 на овој правилник.

Редовниот придонес за буџетите од личниот доход и основните придонеси за социјално осигурување од ставот 5 на овој член ги плаќа приватниот работодавец од своите средства.

Член 42

На наградите на учениците во стопанството согласно ќе се применуваат одредбите од членот 22 на овој правилник.

2. Привремен работен однос

а) Привремен работен однос според чл. 160 до 165 на Законот за работните односи

Член 43

Одредбите од чл. 23 до 25 на овој правилник согласно ќе се применуваат и на примањата од привремен работен однос, остварени од приватни земјоделски производители.

б) Дополнителна или хонорарна работа

Член 44

Одредбите од чл. 26 до 28 на овој правилник согласно ќе се применуваат и на примањата од дополнителна или хонорарна работа остварена од приватни работодавци, со тоа што придонесите ќе се пресметуваат по нормите што им одговараат на нормите по кои се пресметуваат придонесите за дополнителна или хонорарна работа во стопанските организации, утврдени во смисла на членот 40 од овој правилник, и тоа:

1) ако примањето е договорено во бруто износ, редовниот придонес за буџетите од личниот доход се плаќа од тоа бруто примање — според пресметнатата норма од 33,33% што ѝ одговара на пропишаната норма од 26%, а основните придонеси за социјално осигурување ги плаќа приватниот работодавец од своите средства — според пресметнатата збирна норма од 28,21%;

2) ако примањето е договорено во нето износ, придонесите од личниот доход ги плаќа приватниот работодавец од своите средства — по нормите пресметнати во смисла на членот 16 став 2 од овој правилник.

III. ПРЕСМЕТУВАЊЕ И ПЛАЌАЊЕ НА ДОПОЛНИТЕЛНИОТ И ВОНРЕДНИОТ ПРИДОНЕС ЗА БУЏЕТИТЕ ОД ЛИЧНИОТ ДОХОД

1. Дополнителен придонес за буџетите од личниот доход

Член 45

Општинското собрание може, во смисла на членот 12 од Законот, да определи дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход на работниците запослени на подрачјето на општината, да се плаќа во определените стопански организации, во стопанските организации на определени групи или гранки односно области на стопанството. Општинското собрание може да определи на ист начин да се плаќа и дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход на работниците запослени во погонските или деловните единици чие седиште е на подрачјето на општината иако седиштето на стопанската организација во чиј состав се тие единици е на подрачјето од друга општина.

Општинското собрание може да пропише дополнителен придонес за буџетите од личниот доход на работниците и службениците запослени на подрачјето на општината и во државните органи, установите, општествено-политичките организации, здруженијата и другите организации.

Дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход не може да се воведува ниту наплатува од личниот доход на активните подофицери, офицери и на воени службеници на Југословенската народна армија, без оглед дали личните доходи ги остварува од воени единици односно установи или од исплатител надвор од Југословенската народна армија.

Како погонски или деловни единици од ставот 1 на овој член кои трајно вршат дејност во едно место, без оглед на бројот на работниците запослени во нив, се сметаат:

1) организационите единици на стопанската организација односно дејностите кои според членот 4 од Законот за придонесот од доходот на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 8/61, 26/61, 12/62 и 12/63) се сметаат како организациони единици за кои самостојно се утврдува вкупниот приход и доход, без оглед дали како такви се предвидени со правилата на стопанската организација или се регистрирани;

2) погонските или деловните единици на стопанската организација кои како такви се определени со правилата на стопанската организација, без оглед дали за нив се врши самостојно пресметување на доходот;

3) погонските или деловните единици на стопанската организација кои како такви се регистрирани кај надлежниот орган, без оглед дали за нив се врши самостојно пресметување на доходот.

Член 46

Општинското собрание може да воведе дополнителен придонес за буџетите од личниот доход, по правило, откога претходно ќе се изјаснат за тоа собирите на избирачите.

При воведувањето на дополнителниот придонес, општинското собрание ќе води сметка за целесообразноста на воведувањето на таквиот придонес, за материјалната положба на работниците и службениците и за движењето на животниот стандард, придржувајќи се притоа за насоките на сојузниот општествен план.

Член 47

Општинското собрание го пропишува дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход со посебна одлука.

Одлуката за воведување на дополнителниот придонес се објавува на начинот определен за објавување на другите одлуки на општинското собрание.

Одлуката за воведување на дополнителниот придонес не може да се применува пред првиот ден на наредниот месец по нејзиното објавување.

Член 48

Како основица за пресметување на дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход, ако е пропишан во смисла на членот 12 од Законот, служи, по правило, редовниот придонес за буџетите од личниот доход. Ако нормата на редовниот придонес е пропишана врз бруто или нето личните доходи, за основица за пресметување на дополнителниот придонес служат бруто односно нето личните доходи. Ако исплатителот на личниот доход пропишаната норма ја пресметнал според членот 16 од овој правилник, нормата добиена со пресметување се применува врз соодветната основица во нето износ.

Член 49

Дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход не може да изнесува повеќе од 15% од износот на редовниот придонес за буџетите од личниот доход.

За работниците кај исплатители на личен доход кои за пресметување на придонесот од личниот доход го применуваат збирот на нормите на сите придонеси (член 17) може, наместо по определената норма од износот на придонесот за буџетите од личниот доход, да се пропише дополнителен придонес по определената норма од бруто износот на личниот доход, а ако општинското собрание со своја одлука не ја определило изречно и таа норма, исплатителот на личниот доход може да ја добие според следнава формула:

$$H_3 = \frac{H_1 \times H_2}{100}$$

во која:

H_1 = е норма на редовниот придонес за буџетите од личниот доход;

H_2 = е норма на дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход која се применува врз редовниот придонес за буџетите од личниот доход;

H_3 = е норма на дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход која се применува врз износот на личниот доход врз кој се применува нормата на редовниот придонес за буџетите од личниот доход.

Нормата на дополнителниот придонес (H_3), пресметана според предната формула, се заокружува на две децимали при што така заокружена не може да биде поголема од 15% од редовниот придонес за буџетите од личниот доход.

На пример:

1) ако за стопанската организација што ја применува нормата на редовниот придонес за буџетите од личниот доход од 15% е определена норма на дополнителниот придонес за буџетите од 8,5% од износот на тој придонес, соодветната норма на дополнителниот придонес за буџетите што ќе се примени врз бруто износот на личниот доход остварен во редовен работен однос ќе изнесува:

$$H_3 = \frac{15 \times 8{,}5}{100} = \frac{127{,}5}{100} = 1{,}275\% \text{ односно заокружено } 1{,}28\%;$$

2) нормата на дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход што ќе се применува врз бруто износот на личниот доход остварен во дополнителна работа ќе изнесува:

$$H_3 = \frac{26 \times 8{,}5}{100} = \frac{221}{100} = 2{,}21\%$$

На начинот од ст. 2 до 4 на овој член ќе се утврдува и соодветната норма на дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход што треба да се применува врз нето износите на личните доходи.

На пример:

1) за исплатителот што ја применува нормата на редовниот придонес за буџетите врз нето износот на личниот доход од 23,81%, пресметната норма на дополнителниот придонес за буџетите од 8% ќе изнесува:

$$H_3 = \frac{23.81 \times 8}{100} = \frac{190.48}{100} = 1{,}904\% \text{ односно заокружено } 1{,}9\%;$$

2) за исплатителот што ја применува нормата на редовниот придонес за буџетите од 50% врз нето износот на личниот доход (остварени за работа во дополнителна или хонорарна работа), пресметната норма на дополнителниот придонес за буџетите од 8% ќе изнесува:

$$H_3 = \frac{50 \times 8}{100} = \frac{400}{100} = 4\%$$

Член 50

При воведување на дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход општинското собрание може да определи една норма:

1) за една стопанска организација односно една погонска или деловна единица на стопанската организација;

2) за сите државни органи и установи, самостојни установи и за сите организации врз чии службеници се применува или однесува Законот за јавните службеници;

3) за сите приватни работодавци.

Општинското собрание може да пропише дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход да не се пресметува и не наплатува до определената височина на личните доходи, или тој придонес да се плаќа по норма пониска од редовната, ако се во прашање помали износи на месечните лични доходи.

Член 51

Дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход се пресметува со примена на пропишаната норма врз определената основица (врз износот на редовниот придонес за буџетите од личниот доход односно врз бруто или врз нето износот на личниот доход), а се плаќа од нето износот на личниот доход на секој одделен работник или службеник.

Дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход се пресметува и плаќа како и редовните придонеси од личниот доход.

Ако вкупниот износ на дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход не изнесува повеќе од 500 динари, исплатителот на личниот доход може тој износ да го уплати и подоцна — кога вкупниот износ на тој придонес ќе биде поголем од 500 динари, но најдоцна на крајот на годината при конечното пресметување на личните доходи за изминатата година.

2. Вонреден придонес за буџетите од личниот доход

Член 52

Вонредниот придонес за буџетите од личниот доход може да се воведува според прописите што ќе се донесат врз основа на членот 13 став 10 од Законот.

IV. ПРИМАЊА НА КОИ НЕ СЕ ПЛАЌА ПРИДОНЕС ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 53

Придонесите за социјално осигурување не се плаќаат на износот на теренските додатоци и надоместоците поради одвоен живот од фамилијата кои според посебни прописи им се признаваат на стопанските организации во материјалните трошоци односно кои за јавните службеници се определени со посебни прописи (чл. 19 и 33).

Член 54

Придонесите за социјално осигурување не се плаќаат на делот на платата на странски стручњак, ангажиран во смисла на посебни сојузни прописи, кој му се исплатува над личниот доход определен со правилникот за распределбата на личните доходи на стопанската организација за соодветното работно место на домашен работник, односно над платата според платниот разред и положбата што ја има соодветниот домашен стручњак во органи на управата, установи и во организации во кои се применуваат соодветните одредби од Законот за јавните службеници.

Стопанската организација односно надлежниот орган на управата или организацијата, со договорот склучен во смисла на посебните прописи, се регулира прашањето за надоместок на странскиот стручњак во врска со височината на договорената плата.

Член 55

Придонеси за социјално осигурување не се плаќаат ниту на следниве примања:

1) на стипендиите на лицата што не се непосредно од работен однос упатени на школување односно стручно усовршување, како и на стипендиите

на лицата што не се од организации, органи или установи преземени од работен однос непосредно заради школување односно стручно усовршување;

2) на приходите на кои се плаќа данок на доход според членот 124 од Уредбата за данокот на доход, ако со посебни прописи или договори не е определено на одделни од тие примања (на пример, на провизиите на застапниците на Југословенската лотарија и на поверениците на осигурителен завод и сл.) да се плаќа овој придонес;

3) на надоместоците за работа и на давањата во натура на училиште, воена единица, општествено-политичка организација и здружение поради учество во доброволни акции на учениците, војниците и членовите на општествено-политичките организации и здруженијата ако тие надоместоци не им се исплатуваат на поединци туку се користат за заеднички потреби (набавка на учила, разни реквизити, за културни потреби и сл.);

4) на отпратнините кои според прописите за платите на подофицирите, офицерите и воените службеници им се исплатуваат на воените лица при престанокот на активната служба;

5) на износите кои според посебни прописи им се исплатуваат како помош на фамилиите на воените и други лица што ќе го загубат животот при вршењето на службата;

6) на хонорарите за предавање на курсевите за здравствено просветување што ги одржуваат организациите на Југословенскиот црвен крст;

7) на издатоците извршени на лицата што се признаваат како материјални трошоци на стопанската организација, ако со одредбите од овој правилник не е определено поинаку (член 12 став 3).

V. ПОСЕБНИ ОДРЕДБИ ЗА ПРИДОНЕСОТ ЗА СОЦИЈАЛНО ОСИГУРУВАЊЕ

Член 56

Покрај редовниот придонес за буџетите од личниот доход и основните придонеси за социјално осигурување (член 14), врз вкупните (бруто) износи на личните доходи се пресметуваат и плаќаат и следниве придонеси и средства за социјално осигурување:

1) делот на основните придонеси за социјално осигурување — по дополнителната норма од 2,5%;

2) додадениот придонес за здравствено осигурување — по нормата што ќе ја определи собранието на комуналната заедница, во смисла на членот 92 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување;

3) додадениот придонес за инвалидско осигурување — по нормата што ќе ја определи собранието на републичката заедница, во смисла на одредбата од Законот наведена во точката 2 од овој став;

4) посебниот придонес за додатокот на деца — по нормата што ќе ја определи собранието на републичката заедница, во смисла на членот 206 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување.

Во случаите во кои делот на основните придонеси за социјално осигурување по дополнителната норма од 2.5%, додадениот придонес за здравствено осигурување и додадениот придонес за инвалидско осигурување се пресметуваат од паушалните основици, тие придонеси се пресметуваат врз вкупниот износ на паушалните основици (пропишани во бруто износи), односно врз вкупниот износ на минималните основици (пропишани во нето износи), со тоа што нето износите на минималните основици се наголемуваат за износите на придонесите за буџетите од личниот доход и со основните придонеси за социјално осигурување. Ако остварените лични доходи се поголеми од минималните основици, овие придонеси се пресметуваат со примена на нормите врз тие остварени лични доходи.

Вонредниот придонес за здравствено осигурување се пресметува по нормата што ќе ја пропише комуналната заедница.

Вонредниот придонес за здравствено осигурување за лицата за кои придонесите за социјално осигурување се пресметуваат од определените паушални основици односно од минималните основици, се пресметува со примена на пропишаната норма на тој придонес врз паушалните основици намалени за износот на редовниот придонес за буџетите и на основните придонеси за социјално осигурување, односно врз минималните основици. Ако нормата на овој придонес е пропишана за примена врз бруто износот на личниот доход, вонредниот придонес се пресметува со примена на таа норма врз бруто личниот доход на тие лица

Вонредниот придонес за здравствено осигурување за лицата за кои основните придонеси за социјално осигурување се плаќаат во паушални износи, се пресметува со примена на нормата на тој придонес врз бруто износот на исплатениот личен доход намален со паушалните износи на придонесот. Ако нормата на вонредниот придонес за здравствено осигурување е пропишана за примена врз бруто износот на личниот доход, овој придонес се пресметува со примена на пропишаната норма врз бруто личниот доход на тие лица.

Придонесот за социјално осигурување за случај на несреќа при работа и оболение од професионална болест се пресметува според посебните норми пропишани за тоа осигурување на лицата од членот 20 на Законот за здравственото осигурување.

Придонесите за социјално осигурување на лицата од членот 149 на Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување се пресметуваат и плаќаат според прописите донесени врз основа на тој член.

Член 57

Ако дополнителните средства според членот 122 на Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување во целина или делумно се наплатуваат од работниците, износот на дополнителните средства треба да се стави во однос спрема вкупниот бруто или нето износ на личните доходи на работниците и да се пресмета нормата по која ќе се пресметаат тие средства. На пример, ако бруто или нето износот на личните доходи на работниците изнесува 1,000.000 динари, а се потребни дополнителни средства во износ од 20.000 динари што треба да се наплатат од работниците, нормата на дополнителните средства од овој однос ќе изнесува:

$$\frac{20.000 \times 100}{1,000.000} = 2\%$$

Ако стопанската организација одлучи дополнителните средства во целина или делумно да ги обезбеди од средствата со кои самостојно располага, таа ќе ги издвои од тие средства во потребен износ.

На дополнителните средства од ст. 1 и 2 на овој член не се пресметуваат и не се плаќаат никакви придонеси.

Член 58

На примањата во вид на провизија на застапниците на Југословенската лотарија и на поверениците на осигурителен завод, како и на примањата на другите лица чие примање е определено во вид на провизија, а што имаат определени права според прописите за здравственото односно социјалното осигурување, се пресметува и се плаќа придонес за социјално осигурување од основицата што ја сочинува провизијата исплатена на име награда за работа по одбивање на данокот на доход и делот што се однесува на покритието на материјалните трошоци. Делот на провизијата за покривање на материјалните трошоци се утврдува со договор склучен помеѓу надлежниот завод за социјално осигурување и исплатителот на личниот доход. Ако не се постигне спогодба, тој дел, по предлог од надлежниот завод, го утврдува органот на управата на општинското собрание за работите на финансиите за подрачјето на кое се простира надлежноста на односниот завод за социјално осигурување. Придонесите за социјално осигурување се пресметуваат според пресметнатата збирна норма на тие придонеси ако се во прашање лица

што уживаат полна заштита од социјалното осигурување, односно по нормата за здравствено осигурување ако се во прашање лица што уживаат само здравствена заштита.

Член 59

Придонесите за социјално осигурување за лицата што доброволно учествуваат на јавни работи организирани од државни органи, општественополитички организации или здруженија или на други акции организирани во општествен интерес, се пресметуваат и плаќаат според посебни прописи донесени во смисла на членот 149 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување.

Член 60

Нормата на вонредниот придонес за здравствено осигурување, како и нормата на дополнителните средства што се плаќаат според членот 122 од Законот за организацијата и финансирањето на социјално осигурување и членот 5 од овој правилник ако се определени врз нето износите на личните доходи на работниците, можат да бидат пресметнати во норми што ќе се применуваат врз бруто износите на личните доходи, со тоа што вака пресметаните износи ќе се плаќаат од нето личните доходи на работниците. Пресметнување на тие норми се врши според формулата:

$$\text{Нормата на вонредниот придонес за здравствено осигурување} = \frac{\text{100 минус збирот на нормата на редовниот придонес за буџетите и збирната норма на основните придонеси за социјално осигурување} \times \text{нормата на вонредниот придонес за здравствено осигурување}}{100}$$

На пример, ако нормата на вонредниот придонес за здравствено осигурување е определена во височина од 1,5% од нето износот на личниот доход, а нето износот е 63% од бруто износот, т.е 100—37, нормата на вонредниот придонес пресметната во норма за примена врз бруто личниот доход изнесува:

$$\frac{(100-37)\times 1{,}5}{100} = \frac{63\times 1{,}5}{100} = \frac{94{,}50}{100} = 0{,}945\%$$

Член 61

Додадениот придонес за здравствено осигурување и додадениот придонес за инвалидско осигурување ги плаќаат:

1) стопанските организации и други организации што работат според прописите за стопанските организации (член 11) — на товар на трошоците на работењето;

2) организациите што не работат според прописите за стопанските организации (член 28) — од средствата обезбедени со пресметката односно со финансискиот план;

3) приватните работодавци (член 36) — од своите средства.

Вонредниот придонес за здравствено осигурување го плаќаат:

1) осигурениците — од своите нето примања;

2) стопанските организации и другите организации што работат според прописите за стопанските организации — од средствата со кои самостојно располагаат;

3) организациите што не работат според прописите за стопанските организации — од средствата обезбедени според претсметката односно финансискиот план;

4) приватните работодавци — од своите средства.

Како средства со кои стопанската организација самостојно располага во смисла на точката 2 од ставот 2 на овој член, се подразбираат средствата на заедничката потрошувачка, средствата на незадолжителниот дел од резервниот фонд, како и заштедите од средствата што ќе останат непотрошени од делот отстапен според членот 122 став 4 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување.

Посебниот придонес за додаток на деца го плаќаат:

1) стопанските организации и другите организации што работат според прописите за стопанските организации — од средствата наменети за лични доходи;

2) организациите што не работат според прописите за стопанските организации — од средствата обезбедени за лични доходи според претсметката односно финансискиот план;

3) приватните работодавци и другите обврзници на придонесот — од своите средства.

Делот на основните придонеси за социјално осигурување според дополнителната норма од 2,5% го плаќаат:

1) стопанските организации и други организации што работат според прописите за стопанските организации — од средствата наменети за лични доходи;

2) организациите што не работат според прописите за стопанските организации — од средствата обезбедени за лични доходи според претсметката односно финансискиот план;

3) приватните работодавци — од своите средства.

Придонесот за социјално осигурување за случај на несреќа при работа и оболение од професионална болест го плаќаат:

1) стопанските организации и други организации што работат според прописите за стопанските организации — на товар на трошоците на работењето;

2) организациите што не работат според прописите за стопанските организации — од средствата обезбедени според претсметките односно финансиските планови;

3) приватните работодавци — од своите средства.

VI. СРОКОВИ, МЕСТО И НАЧИН НА ПЛАЌАЊЕТО НА ПРИДОНЕСИТЕ

Член 62

Ако стопанската организација или друг исплатител на личен доход им исплатува на работниците што се во редовен (постојан) работен однос во текот на месецот акontации на личните доходи во нето износи, од тие акontации нема да се пресметуваат индивидуално редовните придонеси од личниот доход од работен однос, туку исплатителот ќе ја уплати акontацијата на тие придонеси со примена на нормите од членот 16 на овој правилник врз вкупниот збир на акontациите на личните доходи пресметани во нето износи.

Ако за стопанската организација е пропишан дополнителен придонес за буџетите од личниот доход нема при исплатата на акontациите од ставот 1 на овој член ниту тој придонес индивидуално да се пресметува, туку исплатителот на личниот доход од истите средства од кои ја исплатува акontацијата на личниот доход ќе ја уплати и акontацијата на дополнителниот придонес за буџетите, пресметана врз вкупниот збир на личните доходи, со примена на нормата на дополнителниот придонес за буџетите утврдена во смисла на членот 48 од овој правилник.

На пример, ако за исплатителот на личниот доход не е пропишан дополнителен придонес за буџетите од личниот доход, а збирот на акontациите на личните доходи исплатени во текот на месецот изнесува 1,000.000 динари, а збирната норма на основните придонеси за социјално осигурување 22%, исплатителот на личниот доход ќе ја уплати акontацијата:

	Динари
1) на редовниот придонес за буџетите од личниот доход (23,81% од 1,000.000) — —	238.100
2) на основните придонеси за социјално осигурување (34,92% од 1,000.000) — — —	349 200
Вкупно акontации на придонесите —	587.300

Ако е за исплатителот на личниот доход пропишан дополнителен придонес за буџетите од личниот доход по нормата од 5% од износот на придонесот на буџетите од личниот доход (односно по нормата од 0,75% од бруто или 1,19% од нето износот — член 48 од овој правилник), тогаш на вкупниот збир на аконтациите на личните доходи од 1,000.000 динари исплатителот на личниот доход ќе уплати 1,19%, т е. 11.900 динари на име аконтација на дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход.

Аконтацијата на придонесот од личниот доход од работен однос ќе ја пресмета исплатителот на личниот доход во тој случај од 1,011.900 динари, и тоа на:

	Динари
1) придонесот за буџетите од личниот доход (23.81%од 1,011.900) — — — — —	240.833
2) придонесот за социјално осигурување (34.92% од 1 011.900) — — — —	353.355
Вкупно аконтации на придонесите —	594.188

На начинот од овој член ќе постапат и деловните или погонските единици од членот 45 став 4 на овој правилник при пресметувањето на придонесите од личниот доход од работен однос на исплатените аконтации на личните доходи во текот на месецот.

Член 63

Секој исплатител на личен доход од редовен односно постојан работен однос што своето финансиско работење го води преку банка (што има кај банката жиро сметка или текушта сметка или го врши своето финансиско работење по сметковна книшка), е должен придонесот за буџетите од личниот доход да го уплати истиот ден кога подига од банката средства за исплата на личните доходи, на аконтациите на личните доходи, на платите и други примања од кои или на кои се плаќа овој придонес.

Исплатителот на личниот доход го наплатува од работникот односно од службеникот придонесот од тој доход при исплатата на личниот доход, ако тие придонеси се пресметуваат од личниот доход на работникот.

Ако придонесите за буџетите се пресметуваат на платите (нето износи) — редовниот придонес за буџетите се плаќа од средствата од кои се исплатуваат платите, а дополнителниот придонес за буџетите од нето примањата на работниците.

Исплатителот што не го води своето финансиско работење преку банка, е должен пресметаните придонеси да ги уплати во смисла на ст. 1 и 2 од овој член во рок од седум дена од денот на исплатата на личните доходи.

Кога примателите на личните доходи од работен однос според одредбите од Законот и овој правилник се должни самите да ги пресметуваат и уплатуваат придонесите од личните доходи, мораат тие придонеси да ги пресметуваат и уплатуваат во рок од седум дена од денот на приемот на личниот доход.

Придонесите за социјално осигурување се уплатуваат на начинот и во роковите определени во членот 152 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување.

Член 64

Редовниот придонес за буџетите од личниот доход ќе се уплатува во општината на чија територија се наоѓа живеалиштето на работникот од чиј личен доход се плаќа овој придонес.

Како живеалиште од ставот 1 на овој член се смета местото кое како такво се подразбира според одредбите од Правилникот за пријавувањето на живеалиштето и престојот („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/59).

Стопанската организација и другите исплатители на личниот доход го уплатуваат дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход во корист на општината што го пропишала тој придонес, т.е. во корист на општината на чие подрачје се наоѓа седиштето на стопанската организација и на другите исплатители на личниот доход.

Деловната или погонската единица од членот 45 став 4 на овој правилник, го уплатува дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход на работниците запослени во нив во корист на општината на чија територија се наоѓа седиштето на деловната или погонската единица.

Приватните занаетчиски дуќани и приватните лица кои како исплатители на личниот доход својата самостојна професионална дејност ја вршат во деловни простории (адвокати, лекари и сл.), го уплатуваат дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход во корист на општината на чија територија се наоѓа приватниот занаетчиски дуќан односно деловната просторија. Другите приватни лица го уплатуваат дополнителниот придонес за буџетите од личниот доход во корист на општината на чија територија се наоѓа нивното живеалиште.

Во градовите поделени на општини, градското собрание односно околиското собрание каде не постои градско собрание може, во согласност со општинските собранија, да одлучи придонесот за буџетите од личниот доход пресметан од личниот доход на работниците чие живеалиште е на територииите на општините што се во состав на тие градови да се уплатува за сите општини на посебна збирна сметка кај банката. Во тој случај делот на придонесот кој во смисла на важечките прописи им припаѓа на други корисници а не на општините банката ќе им го распредели на тие корисници непосредно од збирната сметка, а остатокот на придонесот што им припаѓа на општините, банката ќе им го распределува на односните општини според вирманските налози на органот на управата на градското односно околиското собрание надлежен за работите на финансиите, издадени врз основа на одлуката на градското односно околиското собрание донесена во согласност со општинските собранија.

Член 65

Од личните доходи исплатени во странство, се плаќаат придонеси за буџетите од личниот доход во општината на чија територија се наоѓа седиштето на исплатителот на личниот доход во земјата.

Лицата што се должни самите да го пресметуваат и уплатуваат придонесот за буџетите од личниот доход, ќе го уплатуваат во онаа општина на чија територија се наоѓа нивното живеалиште.

Член 66

Придонесот за буџетите од личниот доход се уплатува според прописите за уплатување на одделни видови приходи на буџетите и фондовите на соодветна сметка кај филијалата на Народната банка како основна организациона единица на Службата на општественото книговодство.

Стопанската организација, задружната организација, општествено-политичката организација и здружението, установата, приватниот работодавец и примателите на лични доходи што се должни самите да ги пресметуваат и уплатуваат придонесите од личниот доход, ќе платат на неуплатените односно на неблаговремено уплатените износи на придонесот за буџетите од личниот доход казнен интерес по нормата од 0,1% дневно (член 25 од Законот). Наплатата на казнениот интерес од исплатителот на личниот доход што го води своето финансиско работење преку банка ја врши банката, а од исплатителот што не го води своето финансиско работење преку банката — органот на управата на општинското собрание надлежен за финансии.

Државните органи и установи се должни на неуплатениот и на неблаговремено уплатениот износ на придонесот за буџетите од личниот доход да платат казнен интерес по нормата од 9% годишно од членот 3 на Уредбата за казнените интереси на неблаговремено уплатените приходи на буџетите и општествените фондови („Службен лист на ФНРЈ", бр. 41/59).

Член 68

Придонесите за социјално осигурување се уплатуваат кај филијалата на Народната банка како

основна организациона единица на Службата на општественото книговодство надлежна за подрачјето на комуналната заедница на социјалното осигурување на чие подрачје се врши дејноста од која произлегува обврската за плаќање на тие придонеси, и тоа на збирната сметка на придонесите за социјално осигурување.

Се смета, во смисла на ставот 1 од овој член, дека дејноста на стопанската организација се врши на подрачјето на комуналната заедница на социјалното осигурување на чие подрачје стопанската организација има свое седиште и кога односната организација ќе ги упати своите работници да вршат работи од привремен карактер на подрачјето од друга комунална заедница на социјалното осигурување (монтажни работи и сл.).

При уплатувањето на придонесите исплатителите на личниот доход имаат право да задржат дел од придонесот за здравствено осигурување што им го отстапуваат комуналните заедници на име надоместок на трошоците околу извршувањето на определените обврски според чл. 122 до 126 на Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување.

По исклучок од ставот 1 на овој член, од личниот доход на воените осигуреници (активни подофицери, офицери и воени службеници) им се уплатуваат на фондовите на социјалното осигурување основниот придонес за инвалидско осигурување, основниот придонес за пензиско осигурување и придонесот за запослување на работниците, пресметани според нормата што се добива со собирање на посебните норми на тие придонеси.

Придонесот за здравствено осигурување од личниот доход на воените осигуреници се пресметува и уплатува на посебна сметка на Државниот секретаријат за народна одбрана според посебните прописи што ги донесува тој Секретаријат во смисла на членот 121 од Законот за организацијата и финансирањето на социјалното осигурување. Редовниот придонес за додатокот на деца, пресметан за воените осигуреници, се уплатува на посебна сметка на Државниот секретаријат за народна одбрана во смисла на членот 212 од тој закон.

Член 69

Придонесите од личните доходи на лицата од членот 21 ст. 1 и 2 на овој правилник се плаќаат во корист на надлежниот завод за социјално осигурување во валутата во која се примаат личните доходи по пат на најблискиот кореспондент на Народната банка во односната земја, или со уплата во депозит на Сојузниот завод за социјално осигурување кај најблиското дипломатско односно конзуларно претставништво на Југославија во странство ако во односната земја не постои кореспондент на Народната банка.

Придонесите од личниот доход на југословенските државјани запослени во домаќинствата на југословенските државјани во странство од членот 20 став 1 на овој правилник, ги плаќа исплатителот на личниот доход во валутата во која тој исплатител го прима личниот доход, и тоа на начинот пропишан во ставот 1 на овој член.

Лицата од членот 21 став 2 на овој правилник што личните доходи ги примаат делумно во странска валута а делумно во домашна валута, посебниот придонес за здравствена заштита во странство го плаќаат во валутата во која ги примаат личните доходи во странство, а другите придонеси од личните доходи — во домашна валута.

Член 70

На неуплатените односно на неблаговремено уплатените износи на придонесот за социјално осигурување се должни да платат казнен интерес:

1) стопанските организации — по нормата од 0,1% за секој ден задоцнување (член 2 од Уредбата за казнените интереси на неблаговремено уплатените приходи на буџетите и општествените фондови);

2) другите обврзници наведени во член 3 од Уредбата од точката 1 на овој член — по нормата од 9% годишно.

Член 71

Исплатителот на личниот доход е должен при уплатувањето на придонесот за социјално осигурување врз опачината од уплатницата да ги искаже износите на одделни придонеси според следната спецификација:

1) основни придонеси за социјално осигурување според збирната норма — — Дин. — —	
минус отстапениот дел на придонесот за здравствено осигурување — — — „ — —	
2) дел од основните придонеси според дополнителната норма од 2,5% — — — — — — Дин. — —	
3) додаден придонес за здравствено осигурување — — — — — — — — — „ — —	
4) додаден придонес за инвалидско осигурување — — — — — — — — — — „ — —	
5) посебен придонес за додатокот на деца — — — — — — — — — — — „ — —	
6) вонреден придонес за здравствено осигурување — — — — — — — — — „ — —	
7) придонес за социјално осигурување за учениците во стопанството — — „ — —	
8) придонес за социјално осигурување за лицата во привремен работен однос — — — — — — — — — — — — „ — —	
Вкупно уплатено Дин. — —	

Забелешка: Пресметаните придонеси под 1 до 6 се однесуваат на исплатените нето лични примања во вкупен износ од ——— Дин. ———.

Исплатителот на личниот доход е должен придонесите за социјално осигурување што не се наведени во спецификацијата од ставот 1 на овој член да ги уплатува со посебни уплатници.

VII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 72

Придонесите од личниот доход на примањата од работен однос што се однесуваат на времето до крајот на 1962 година и кои потекуваат од средствата остварени до крајот на таа година ако се пресметат и исплатат според посебен список во текот на 1963 година, ќе се пресметат и уплатат по нормите што важеле во 1962 година.

Член 73

Со денот на влегувањето во сила на овој правилник престанува да важи Правилникот за пресметување и плаќање на придонесите од личниот доход од работен однос („Службен лист на ФНРЈ", бр. 25/61, 5/62, 16/62 и 12/63).

Член 74

Овој правилник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-12911/1
29 јули 1963 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Киро Глигоров, с. р.

539.

Врз основа на членот 14 од Законот за установувањето на интересот на фондовите во стопанството („Службен лист на ФНРЈ". бр. 8/61 и 13/63), членот 34 од Законот за придонесот од доходот на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ". бр. 8/61, 26/61, 12/62 и 12/63) и членот 9 од Законот за придонесот на вонредните приходи на стопанските организации за 1962 година („Службен лист на ФНРЈ", бр. 52/61, 30/62 и 53/62), Сојузниот секретаријат за финансии издава

НАРЕДБА

ЗА ПРИВРЕМЕНО ОДЛАГАЊЕ НА УПЛАТУВАЊАТА НА АКОНТАЦИИТЕ ВО ВИД НА ИНТЕРЕС НА ФОНДОВИТЕ ВО СТОПАНСТВОТО, ПРИДОНЕС ОД ДОХОДОТ И ПРИДОНЕС НА ВОНРЕДНИОТ ПРИХОД НА СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ ВО ТЕКОТ НА 1963 ГОДИНА

1. До донесувањето на прописите со кои ќе се регулираат односите настаната поради земјотресот од 26 јули 1963 година, на стопанските организации од подрачјето на град Скопје, што претрпеле штета предизвикана со тој земјотрес, им се одлага уплатувањето на аконтациите за период јули — декември 1963 година и на стасаните а неуплатени обврски од претходниот период на 1963 година од:

1) интересот на деловниот фонд;

2) придонесот од доходот на стопанските организации;

3) придонесот на вонредниот приход на стопанските организации.

2. Стопанските организации од точката 1 на ова наредба не се должни, во смисла на важечките прописи, да поднесуваат периодични пресметки во текот на 1963 година.

3. Одредбите од оваа наредба ќе се применуваат и на погонските и деловните единици со седиште во град Скопје, што се во состав на стопанските организации чие седиште се наоѓа надвор од подрачјето на град Скопје.

4. Собранието на град Скопје или органот што ќе го овласти тоа ќе утврди со своја одлука кои стопански организации претрпеле штета во смисла на точката 1 од оваа наредба.

5. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-13402/1
9 август 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Киро Глигоров, с. р.

540.

Врз основа на членот 48 од Уредбата за книговодството на стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ". бр. 27/55) и членот 34 став 1 од Законот за сојузните органи на управата („Службен лист на ФНРЈ", бр. 13/56, 44/60 и 22/62), Сојузниот секретаријат за финансии издава

НАРЕДБА

ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ ПОПИС (ИНВЕНТУРА) КАЈ СТОПАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ОД ПОДРАЧЈЕТО НА ГРАД СКОПЈЕ

1. Стопанските организации од подрачјето на град Скопје се должни да спроведат попис (инвентура) на средствата и изворите на тие средства на начинот предвиден со оваа наредба.

Пописот (инвентурата) според оваа наредба стопанските организации од ставот 1 на оваа точка се должни да го извршат во рок од 30 дена од денот на влегувањето во сила на оваа наредба. Собранието на град Скопје односно органот што ќе го овласти тоа може во оправдани случаи овој рок да го продолжи уште за 30 дена.

По исклучок од ст. 1 и 2 на оваа точка, Службата на општественото книговодство може стопанските организации што не претрпеле штета поради земјотресот од 26 јули 1963 година, на нивен предлог, да ги ослободи од спроведувањето на пописот од оваа наредба.

2. Пописот на средствата и изворите на тие средства стопанските организации го вршат на начинот предвиден со Упатството за спроведување на пописот (инвентарисањето) кај стопанските организации („Службен лист на ФНРЈ", бр. 53/56, 50/59, 49/60 и 50/61) ако со одредбите од оваа наредба не е определено поинаку.

3. Органите определени со оваа наредба се должни да формираат комисија за вршење попис во рок од 5 дена од денот на влегувањето во сила на оваа наредба.

4. Одлуката од точката VII на Упатството за спроведување на пописот (инвентарисањето) кај стопанските организации (во понатамошниот текст: Упатството) за формирање комисија за вршење попис ќе ја донесе директорот на стопанската организација, ако не постои можност да се состане управниот одбор односно соодветниот орган на управувањето заради донесување на таа одлука.

Ако директорот на стопанската организација од која и да е причина не донесе одлука за формирање на комисијата во рокот од точката 3 на оваа наредба, одлуката за формирање на комисијата за вршење попис ќе ја донесе во истиот рок органот на управата на општинското собрание надлежен за работите на финансиите, по предлог од Службата на општественото книговодство.

5. Состојбата на средствата и на изворите на средствата на стопанската организација, установена со пописот се смета како состојба утврдена на 27 јули 1963 година.

6. Вредноста на попишаните предмети што ги чинат основните средства, обртните средства и средствата на заедничката потрошувачка а кои не претрпеле оштетување поради земјотресот се искажува според одредбите од Упатството.

7. Ако деловните книги на стопанската организација поради земјотресот се уништени или оштетени а не постои можност да се утврди книговодствената вредност на попишаните предмети на друг начин, вредноста на тие предмети ќе се искаже според пазарните цени. Ако цените на попишаните предмети се определени од надлежниот орган, вредноста на тие предмети се искажува според тие цени.

8. Ако предметите од точ. 6 и 7 на оваа наредба се оштетени, вредноста на тие предмети утврдена според тие точки се намалува за износот на оштетувањето.

9. Собранието на град Скопје може во случаите од точката 7 на оваа наредба, да пропише единствен начин за утврдување на вредноста на оштетените предмети од основните средства, обртните средства и средствата на заедничката потрошувачка.

Собранието на град Скопје може да формира посебна комисија од стручњаци за единствен начин на утврдување на степенот на оштетувањето на предметите од ставот 1 на оваа точка.

10. Стопанските организации од подрачјето на град Скопје што своите обврски и побарувања не можат да ги утврдат од своите деловни книги, тие обврски и побарувања и нивната височина ќе ги искажат од извештаите добиени од работните организации со кои имаат деловни односи.

11. Заради утврдување на состојбата на паричните и други обврски и побарувањата на стопанските организации од подрачјето на град Скопје, сите работни организации се должни во рок од 15 дена од денот на влегувањето во сила на оваа наредба да им достават на стопанските организации од подрачјето на град Скопје извештај за височината на своите обврски и побарувања спрема тие организации, со состојбата на 26 јули 1963 година.

12. Стопанската организација ќе ја искаже состојбата на попишаните неоштетени, оштетени и поништени предмети на посебниот образец што е отпечатен кон оваа наредба и нејзин е составен дел.

РЕКАПИТУЛАЦИЈА
НА ПОПИСОТ НА СРЕДСТВАТА И ИЗВОРИТЕ НА СРЕДСТВАТА НА 27 ЈУЛИ 1963 ГОДИНА

(Вредност во илјади динари)

Реден број	Број на контото	ОПИС	средства неоштетени со земјотресот	делумно оштетени средства			потполно уништени средства поради земјотресот	на вкупниот износ на оштетувањето поради земјотресот (6 плус 8)	на средствата на 27 јули 1963 година (4 плус 7)
				на 25 јули 1963 година	износ на оштетувањето поради земјотресот	на 27 јули 1963 година (5минус 6)			
1	2	3	4	5	6	7	8	9	10

13. Елаборатот за пописот ќе го разгледа највисокиот орган на управувањето на стопанската организација и ќе донесе одлука за неговата исправност.

14. Елаборатот за пописот стопанската организација ѝ го доставува на Службата на општественото книговодство и на Собранието на град Скопје.

Службата на општественото книговодство, според одредбите од Законот за општественото книговодство („Службен лист на ФНРЈ", бр. 39/62), донесува решение за исправноста на извршениот попис.

15. Одредбите од точ. XXX до XL на Упатството нема да се применуваат при спроведувањето на пописот според оваа наредба.

16. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-13401/1
9 август 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Киро Глигоров, с. р.

541.

Врз основа на членот 78 од Законот за кредитните и други банкарски работи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 10/61 и 53/62), Сојузниот секретаријат за финансии издава

НАРЕДБА
ЗА ПОСТАПКАТА СО ШТЕДНИТЕ ВЛОГОВИ НА ГРАЃАНИТЕ СПОРЕД КОИ ШТЕДНИТЕ КНИШКИ ИСЧЕЗНАЛЕ ПРИ ЗЕМЈОТРЕСОТ ВО СКОПЈЕ

1. Со штедните книшки на влоговите на штедење на граѓаните што исчезнале при земјотресот во Скопје од 26 јули 1963 година, како и со располагањето со паричните средства во врска со тие штедни влогови, ќе се постапи според одредбите од оваа наредба.

2. Граѓаните (во понатамошниот текст: вложувачи) што имале штеден влог кој гласел на име и штедни книшки издадени на име, ќе ѝ поднесат писмена пријава за исчезнувањето на штедната книшка на банката, односно на Поштенската штедилница кај која се води штедниот влог, со барање да им се издадат нови штедни книшки.

Во пријавата вложувачот ќе го означи името на кое гласи штедната книшка, а по можност и бројот на штедната книшка и износот на кој гласела штедната книшка, како и кај која пошта му е издадена штедната книшка ако е во прашање штеден влог кај Поштенската штедилница.

3. Врз основа на примената пријава банката односно Поштенската штедилница ќе изврши проверка на сите податоци за постоењето на штедните влогови на името на подносителот на пријавата. По извршената проверка банката односно Поштенската штедилница ќе ја заклучи постојната партија (картичка) на штедниот влог и за него ќе отвори под нов број нова партија (картичка) со состојбата на штедниот влог под кој првобитната партија (картичка) на тој штеден влог е заклучена. Под бројот под кој е отворена новата партија (картичка) на овој штеден влог, банката односно Поштенската штедилница ќе му издаде на вложувачот нова штедна книшка.

Располагањето со штедниот влог со кој е постапено во смисла на ставот 1 од оваа точка, се врши само врз основа на новата штедна книшка.

4. Издавањето на нова штедна книшка банката односно Поштенската штедилница ќе го изврши во рок од пет дена од денот на приемот на писмената пријава за нестанокот на штедната книшка.

5. Вложувачите што имале штеден влог што гласел на доносител или на доносител со шифра, ќе ѝ поднесат на банката што ја издала штедната книшка писмена пријава за исчезнувањето на штедната книшка, со барање да им се издадат нови штедни книшки. Во пријавата вложувачот ќе го означи, по можност, бројот на штедната книшка и износот на кој гласела штедната книшка.

Врз основа на примената пријава, во врска со одредбата од членот 73 став 2 и членот 110 на Законот за кредитните и други банкарски работи, банката ќе изврши срамнување односно проверка на имањата на вложувачите според својата евиденција за штедниот влог со името на подносителот на пријавата за исчезнувањето на штедната книшка што гласела на доносител или на доносител со шифра.

Одредбите од точ. 3 и 4 на оваа наредба ќе се применуваат согласно и на издавањето на новите штедни книшки според оваа точка.

6. Ако на банката ѝ е поднесена писмена пријава за исчезнување на штедна книшка што гласиле на доносител или на доносител со шифра, а по штедниот влог од таа книшка банката не постапила според одредбата од членот 110 на Законот за кредитните и други банкарски работи поради што не може да го утврди правото на подносителот на пријавата на тој штеден влог, банката ќе го упати подносителот на пријавата да спроведе соодветна редовна постапка за амортизација на исчезнатата штедна книшка.

7. Одредбите од оваа наредба ќе се применуваат до 31 март 1964 година.

8. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр 2-13398/1
10 август 1963 година
Белград

Сојузен секретар
за финансии,
Киро Глигоров, с. р.

542.

Врз основа на членот 13 точка 3 став 2 од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа („Службен лист на ФНРЈ", бр. 4/62, 16/62, 42/62 и 4/63), Сојузниот секретаријат за финансии издава

НАРЕДБА

ЗА ОПРЕДЕЛУВАЊЕ ВИДОВИТЕ И КОЛИЧИНИТЕ НА ПРЕДМЕТИТЕ НА ДОМАЌИНСТВОТО НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ ДРЖАВЈАНИ СО СЛУЖБА ВО СТРАНСТВО, ШТО СЕ ОСЛОБОДУВААТ ОД ПЛАЌАЊЕ НА ЦАРИНА КОГА ТИЕ ЛИЦА СЕ ВРАЌААТ ВО ЈУГОСЛАВИЈА

1. Предметите на домаќинството и количината на тие предмети што југословенските државјани можат, во смисла на членот 13 точка 3 од Уредбата за Привремената општа царинска тарифа, да се увезат односно внесат без плаќање на царина се:

1) 1 телевизор, со уредите што му припаѓаат;
2) 1 радио-апарат, со уредите што му припаѓаат;
3) 1 магнетофон, со уредите што му припаѓаат и со 20 ленти;
4) 1 грамофон, со уредите што му припаѓаат и со 100 плочи;
5) 1 фрижидер;
6) 1 електричен, плински или комбинуван шпорет;
7) 1 смукалка за прав, со уредите што ѝ припаѓаат;
8) 1 апарат за мазнење и чистење паркет, со уредите што му припаѓаат;
9) 1 машина за перење долни облеки, со уредите што ѝ припаѓаат;
10) 1 машина за шиење;
11) 1 транзисторски радио-приемник;
12) 1 апарат за мелење и мешање на прехранбени продукти — кујнски миксер (комплет);
13) 1 електричен или плински греач, греалка или радијатор;
14) 1 фотографски апарат;
15) 1 филмска камера;
16) 1 аматерски прибор за изазивање и копирање филмови и слики;
17) 1 проектор за филмови;
18) 1 проектор за дијапозитиви;
19) 1 пишувачка машина портабл;
20) спортски реквизити (тенис-рекет, пушка за риболов, пушка за лов, прибор за логурување (кампинг) и сл.);
21) мотор за чамац до 5 КС;
22) сите сошиени и конфекциски текстилни и кожни стоки за лична или домашна употреба (нови или употребувани);
23) штоф за 3 машки облеки;
24) штоф за 1 машко зимско палто и за 1 мантил;
25) штоф или материјал за 6 женски фустани;
26) штоф за 1 женско палто и за 1 мантил;
27) штоф или материјал за три фустани или облека за секое дете;
28) книги и списанија од домашни и странски автори;
29) слики и други уметнички предмети од домашни и странски автори;
30) украсни предмети, вклучувајќи ги и предметите на фолклорот;
31) сите видови намештај, постелина, пердиња и сл.;
32) прибор за јадење и сервиси до 12 лица и соодветни кујнски предмети и садови;
33) 3 теписи;
34) 1 вентилатор;
35) детски играчки;
36) 1 клавир или друг музички инструмент;
37) други предмети за домаќинство во вредност до 50 000 динари по домаќинство.

2. Оваа наредба влегува во сила на 1 ноември 1963 година.

Бр. 3-5555/1
30 јули 1963 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Киро Глигоров, с. р.

543.

Врз основа на членот 43 од Уредбата за данокот на промет („Службен лист на ФНРЈ", бр. 19/61, 6/62, 11/62 и 4/63), Сојузниот секретаријат за финансии издава

НАРЕДБА

ЗА ПРИМЕНА НА НОВАТА НОРМА НА ДАНОКОТ НА ПРОМЕТ НА ГУМИРАНО ПЛАТНО

1. Стопанските организации што произведуваат гумирано платно ќе извршат попис на залихите на ткаенините набавени за производство на гумирано платно на кои е платен данок на промет, на залихите на произведено гумирано платно и на залихите на недовршеното производство на гумирано платно, и тоа со состојбата на 31 јули 1963 година. Со пописот треба да се опфатат и ткаенините на кои е платен данокот на промет а кои на 31 јули 1963 година се наоѓале на пат.

2. Попишаните количини на ткаенините, на гумираното платно и на недовршеното производство стопанските организации ќе му ги пријават на органот на управата на општинското собрание надлежен за работите на финансиите кој ќе ја провери правилноста на извршениот попис.

3. На прометот на попишаното гумирано платно, гумирано платно што ќе биде произведено од попишаните ткаенини на кои е платен данок на промет и гумираното платно од недовршеното производство, производителите ќе плаќаат данок на промет по поранешната норма од 15%.

4. Производителите на гумирано платно се должни во своето книговодство да обезбедат податоци за потрошокот на залихите на попишаните ткаенини, за произведените количини на гумирано платно од тие ткаенини, како и за количините на гумирано платно пуштено во промет по нормата од 15%.

5. Од денот на влегувањето во сила на Уредбата за измени и дополненија на Тарифата за данокот на промет („Службен лист на СФРЈ", бр. 30/63), производителите на гумирано платно ќе ги набавуваат ткаенините за производство на гумирано платно без плаќање на данок на промет согласно со одредбата од ставот 6 на забелешката кон тар. број 105 од Тарифата, а на прометот на гумирано платно ќе плаќаат данок на промет според новата норма од 29%.

6. Оваа наредба влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен лист на СФРЈ".

Бр. 1-13272/1
1 август 1963 година
Белград

Сојузен секретар за финансии,
Киро Глигоров, с. р.

544.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА ДРУМСКИТЕ ВОЗИЛА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Означување на наплатките и тркалата за возила со пневматици	JUS M.N1.041
Влекувачки чеп за полуприколички — — — — — — — —	JUS M.N2.222
Влечни уреди за товарни и теренски автомобили, автобуси, трактори и нивни приколички — — — —	JUS M.N2.225

Каросерии за друмски возила. Шарки од алуминиумски легури — JUS M.N2.955
Каросерии за друмски возила. Дефиниции на левата и десната брава односно рачка — — — — — — JUS M.N2.963
Каросерии за друмски возила. Означување на седиштата во автобусите — — — — — — — — JUS M.N5.510
Каросерии за друмски возила. Ознаки на седиштата во автобусите JUS M.N5.511
Каросерии за друмски возила. Седиште за градските автобуси — JUS M.N5.515
Каросерии за друмски возила. Седиште за меѓумесни автобуси — JUS M.N5.517
Каросерии за друмски возила. Седишта за излетнички автобуси — JUS M.N5.519
Каросерии за друмски возила. Приклучни мерки на багажникот врз потпирачот на седиштето — — — JUS M.N5.521
Каросерии за друмски возила. Приклучни мерки на плочите за прицврстување на пепеларите врз потпирачот на седиштето — — — JUS M.N5.522
Каросерии за друмски возила. Рамка за слика врз потпирачот на седиштето. Габаритни и приклучни мерки — — — — — — — — JUS M.N5.523
Каросерии за друмски возила. Рачка на потпирачот на седиштето JUS M.N5.545
Каросерии за друмски возила. Универзална рачка — — — — JUS M.N5.546
Каросерии за друмски возила. Рачка за врата — — — — — JUS M.N5.547

2. Југословенските стандарди од точката 1 на оваа решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1964 година.

Бр. 14—5417
3 август 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

545.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ОД ОБЛАСТА НА КАРОСЕРИИТЕ НА ДРУМСКИ ВОЗИЛА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Каросерии на друмски возила. Надворешна рачка за брава JUS M.N2.964 и други брави — — — JUS M.N2.981
Каросерии на друмски возила. Надворешна рачка за брава JUS M.N2.965 и други брави — — — JUS M.N2.982
Каросерии на друмски возила. Надворешна рачка за брава JUS M N2 967 — — — — — — — JUS M.N2.984
Каросерии на друмски возила. Внатрешна рачка за брава JUS M.N2 965 — — — — — — — JUS M.N2.987
Каросерии на друмски возила. Внатрешна рачка за брава JUS M.N2.967 — — — — — — — JUS M.N2.988
Каросерии на друмски возила. Преклопна рачка — — — — — JUS M.N5.548
Каросерии на друмски возила. Челен проветрувач — — — — — JUS M N6.721
Каросерии на друмски возила. Плафонски вентилатор — — — — JUS M.N6.731

2 Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се применуваат од 1 јануари 1964 година.

Бр. 14—5418
3 август 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

546.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ДЕЛОВИ НА ШИНСКИ ВОЗИЛА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Затворачи на отвори за перење котел на локомотиви на колосек 1435 mm и 760 mm:
Печуркаест затворач—дводелен. Диспозиција — — — — — — — JUS P.J1.410
Печуркаест затворач—дводелен. Глава на печурка — — — — — JUS P.J1.411
Печуркаест затворач—дводелен. Вретено на печурка — — — — JUS P.J1.412
Печуркаест затворач. Куќиште — JUS P.J1.413
Печуркаест затворач. Овален заптивен прстен — — — — — — JUS P.J1.414
Печуркаест затворач. Стремен — JUS P.J1.415
Печуркаест затворач. Држач на синџир, синџир и алка на синџир — JUS P.J1.416
Печуркаест затворач—едноделен. Диспозиција — — — — — — JUS P.J1.420
Печуркаест затворач—едноделен. Печурка — — — — — — — JUS P.J1.421
Чеп со навој — — — — — — JUS P.J1.425
Затворач со капа. Диспозиција — JUS P.J1.430
Затворач со капа. Капа — — JUS P.J1.431
Затворач со капа. Тркалест заптивен прстен — — — — — — JUS P.J1.432
Затворач со капа. Туљак — — JUS P.J1.433
Затворач со капа за перење циркулациона цевка. Диспозиција — — JUS P.J1.434
Затворач со капа за перење циркулациона цевка. Туљак — — — JUS P.J1.435
Затворач со капа за перење циркулациони цевки. Капа — — — — JUS P.J1.436

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1964 година.

Бр 21—5414
3 август 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

547.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЕДИНСТВЕНИТЕ НАЗИВИ ЗА ПЕСТИЦИДИТЕ

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Единствени називи за пестициди — прва листа — — — — — — JUS H.B5.005

Единствени називи за пестициди — втора листа — — — — — — JUS H.B5.006

2 Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3 Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1964 година.

Бр. 19—5415
3 август 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

548.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот на југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА СЕРУМ И ВАКЦИНИ ЗА ПОТРЕБИТЕ НА ВЕТЕРИНАТА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Серум против чумата кај свињите — — — — — — — — JUS H.H3.120

Кристал-виолетова вакцина против чумата кај свињите — — — JUS H.H3.122

Адсорбат-вакцина против чумата кај живината — — — — — — JUS H.H3 124

Адсорбат-вакцина против свињски црвен ветер — — — — — JUS H.H3.131

Антракс-вакцина (за сите животни) — — — — — — — — JUS H.H3.141

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел од ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1964 година.

Бр 19—5416
3 август 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

549.

Врз основа на членот 4 став 1 и членот 25 став 4 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ОКОВ ЗА ГРАДЕЖНА СТОЛАРИЈА

1. Во издание на Југословенскиот завод за стандардизација се донесуваат следните југословенски стандарди:

Оков за градежна столарија:

— Прифатни плочи за брави за внатрешни врати на стан. Форма и мерки — — — — — — — JUS M.K3.043
— Прозорски шарки со свиткани крилја. Форма и мерки — — — JUS M.K3.221
— Прозорски затворач со двоен шип. Форма и мерки — — — — — JUS M.K3.230
— Прозорски затворач за едноделен прозорец. Форма и мерки — — JUS M.K3.233
— Прозорски затворач за еден — или повеќеделен прозорец. Форма и мерки — — — — — — — JUS M.K3.234
— Шипка за прозорски рачкичиња. Форма и мерки — — — — — JUS M.K3.235
— Прозорско еднокрако рачкиче. Форма и мерки — — — — — JUS M.K3.237
— Прозорско двокрако рачкиче. Форма и мерки — — — — — — JUS M.K3.238
— Ѕвездести бруќе. Форма и мерки JUS M.K3.251
— Прифатна плочичка за затворач според JUS M.K3.234. Форма и мерки — — — — — — — JUS M.K3.260
— Прифатна плоча за затворач според JUS M.K3.233. Форма и мерки JUS M.K3.261
— Коничен прифатник (скоба) за прозорски затворач. Форма и мерки — — — — — — — — JUS M.K3.262
— Прифатник со валче (скоба) за прозорски затворач Форма и мерки JUS M.K3.263

Специјален оков за комбинувано отворање прозорски крила со височина над 1 m:

— Голем механизам за вертикално и хоризонтално отворање прозорски крила. Шема и начин на функционирањето — — — — — — — JUS M.K3.300
— Хоризонтална оска. Форма и мерки — — — — — — — — JUS M.K3.301
— Вертикална оска. Форма и мерки JUS M.K3.302
— Глужна шарка на механизмот. Форма и мерки — — — — — JUS M.K3.303
— Обострано отворена шарка. Форма и мерки — — — — — JUS M.K3.304
— Бочна воѓица. Форма и мерки — JUS M.K3.305
— Придржувач за прозорско крило. Форма и мерки — — — — — JUS M.K3.306
— Воѓица за придржувач на прозорско крило. Форма и мерки — — JUS M.K3.307

Специјален оков за комбинувано отворање прозорски крила со височина до 1 m:

— Мал механизам за вертикално и хоризонтално отворање прозорски крила. Шема и начин на функционирањето — — — — — — — JUS M.K3.320
— Глужна шарка. Форма и мерки JUS M.K3.321
— Оскичка-реза. Форма и мерки — JUS M.K3.322

— Шарка-воѓица на глужна оска. Форма и мерки — — — — — JUS M.K3.323

— Глужна оска. Форма и мерки — JUS M.K3 324

2. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се објавени во посебно издание на Југословенскиот завод за стандардизација, кое е составен дел на ова решение.

3. Југословенските стандарди од точката 1 на ова решение се задолжителни и влегуваат во сила на 1 јануари 1964 година.

Бр. 04—5413
3 август 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

550.

Врз основа на членот 29 став 3 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА ИЗМЕНИ НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА МЕЛНИЧКИ ПРОИЗВОДИ ОД ПЧЕНИЦА, ЗА МЕД, ЗА ШЕЌЕР ОД ШЕЌЕРНА РЕПКА И ЗА ПЕКАРСКИ КВАСЕЦ

1. Во југословенскиот стандард Мелнички производи од пченица — JUS E.G1.001, што е донесен со Решението за југословенските стандарди за селско-стопански производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 23/55) точ. 1 до 5.2, точ. 5.41 до 5.44 и точ. 7 до 9 се бришат.

2. Во југословенскиот стандард Мед — JUS E.E1.010 што е донесен со Решението за југословенските стандарди за свежо овошје и зарзават, за сончогледово семе и за мед („Службен лист на ФНРЈ", бр. 50/55) точ. 1 до 4 и точ. 7 до 9 се бришат.

3. Во југословенскиот стандард Шеќер од шеќерна репка — JUS E.L1.001, кој е донесен со Решението за југословенските стандарди од областа на селското стопанство и прехранбената индустрија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 18/57) точ. 1 до 5 и точ. 8 и 9 се бришат.

4. Во југословенскиот стандард Пекарски квас — JUS E.M1.050 што е донесен со Решението за југословенските стандарди за пекарски квас и шпирит суров и рафиниран и за методите за нивните испитувања („Службен лист на ФНРЈ", бр. 34/58) точ. 1 до 4 и точ. 6 до 10 се бришат.

5. Измените на југословенските стандарди од точ. 2 и 3 на ова решение влегуваат во сила на 15 август 1963 година, измените на југословенскиот стандард од точката 1 на ова решение — на 29 август 1963 година, а измените на југословенскиот стандард од точката 4 на ова решение — на 5 септември 1963 година.

Бр. 5325
27 јули 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод
за стандардизација
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

551.

Врз основа на членот 29 став 1 од Законот за југословенските стандарди („Службен лист на ФНРЈ", бр. 16/60 и 30/62), Југословенскиот завод за стандардизација донесува

РЕШЕНИЕ

ЗА СТАВАЊЕ ВОН СИЛА НА ЈУГОСЛОВЕНСКИТЕ СТАНДАРДИ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСКИ ПРОИЗВОДИ И ЗА СКРОБОТ И ПРОИЗВОДИТЕ ОД СКРОБ

1. Југословенските стандарди:

'Ржано брашно — JUS E.G1.010, донесен со Решението за југословенските стандарди за селско-стопански производи („Службен лист на ФНРЈ", бр. 23/55);

Пченкарен скроб — — — — JUS E.L2.010
Пченичен скроб — — — — — JUS E.L2.015
Компиров скроб — — — — — JUS E.L2.020
Глутен од пченично брашно — JUS E.L3.040

донесени со Решението за југословенските стандарди за скроб и производи од скроб („Службен лист на ФНРЈ", бр. 44/58) се ставаат вон сила.

2. Југословенските стандарди за пченкарен скроб, пченичен скроб и компиров скроб престануваат да важат на 15 август 1963 година, југословенскиот стандард за 'ржено брашно — на 29 август 1963 година, а југословенскиот стандард за глутен од пченично брашно — на 5 септември 1963 година.

Бр. 5326
27 јули 1963 година
Белград

Директор
на Југословенскиот завод за стандардизација,
инж. **Славољуб Виторовиќ**, с. р.

552.

Врз основа на чл. 39 и 45 став 1 точка 2 од Основниот закон за заштита на растенијата од болести и штетници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/54 и 52/61), Сојузната управа за заштита на растенијата објавува

СПИСОК

НА ХЕМИСКИТЕ СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА ЗА КОИ СЕ ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЈУГОСЛАВИЈА

Сојузната управа за заштита на растенијата издаде до 1 август 1963 година дозволи за пуштање во промет на следниве хемиски средства за заштита на растенијата:

1) Bilan E-3	произведува „Биљана", Електрохемискиот комбинат — Скопје. Број на постојаната дозвола 02/3—373/4 од 21 мај 1963 година;
2) Oleodiazinon	произведува »Pinus«, Товарна кемичних изделков — Раче при Марибор. Број на постојаната дозвола 02/3—796/3 од 27 март 1963 година;
3) Aretit	произведува Farbwerke Hoechst A. G. — Frankfurt/Mein. Застапник „Југохемија", Иностранa заступништва — Белград. Број на привремената дозвола 02/3—797/3 од 21 мај 1963 година;

4) Roxion — произведува Cela, G. m. b. H — Ingelheim am Rhein Застапник „Фабет" Заступништво иностраних фирми — Белград. Број на привремената дозвола 02/3—71/6 од 27 март 1963 година.

Бр 01—1833/1
2 август 1963 година
Белград

Директор
на Сојузната управа за заштита
на растенијата,
инж. **Србољуб Тодоровиќ**, с. р.

553.

Врз основа на чл 38 и 39 од Основниот закон за заштита на растенијата од болести и штетници („Службен лист на ФНРЈ" бр 26/54 и 52/61) и членот 13 од Правилникот за контрола на хемиските средства за заштита на растенијата („Службен лист на ФНРЈ". бр. 2/55), Сојузната управа за заштита на растенијата објавува

СПИСОК

НА ХЕМИСКИТЕ СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА ЗА КОИ СЕ ИЗДАДЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЈУГОСЛАВИЈА, А НА КОИ ИМ Е ОДОБРЕНА ПРОМЕНАТА НА ИМЕТО

Сојузната управа за заштита на растенијата им одобри промена на името на следното хемиско средство за заштита на растенијата:

P-623 го менува името во Gesarol-gama — произведува »Pinus«, Товарна кемичних изделков — Раче при Марибору. Број на постојаната дозвола 02/3-477/1 од 12 февруари 1963 година. Објавено под редниот број 23 на Списокот на хемиските средства за заштита на растенијата за кои се издадени дозволи за пуштање во промет на територијата на Југославија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/63).

Бр. 01-1835/1
2 август 1963 година
Белград

Директор
на Сојузната управа за
заштита на растенијата,
инж. **Србољуб Тодоровиќ**, с.р.

554.

Врз основа на чл. 39, 44 и 45 од Основниот закон за заштита на растенијата од болести и штетници („Службен лист на ФНРЈ", бр. 26/54 и 52/61), Сојузната управа за заштита на растенијата објавува

СПИСОК

НА ХЕМИСКИТЕ СРЕДСТВА ЗА ЗАШТИТА НА РАСТЕНИЈАТА ЗА КОИ СЕ ИЗДАДЕНИ ПРИВРЕМЕНИ ДОЗВОЛИ ЗА ПУШТАЊЕ ВО ПРОМЕТ НА ТЕРИТОРИЈАТА НА ЈУГОСЛАВИЈА, А ЧИЕ ВАЖЕЊЕ ПРЕСТАНАЛО

Сојузната управа за заштита на растенијата утврдува дека престанало важењето на привремените дозволи за пуштање во промет на следните хемиски средства за заштита на растенијата:

1) Maneb — произведува G. Ligtermoet und Zoon—Rotterdam. Застапник „Alfa", Спољнотрговинско предузеќе — Белград. Број на привремената дозвола чие важење престанало: 02 3—1470/6 од 5 август 1961 година. Објавено под редниот број 18 на Списокот на хемиските средства за заштита на растенијата за кои се издадени дозволи за пуштање во промет на територијата на Југославија („Службен лист на ФНРЈ" бр. 32/61);

2) Ortho Phaltan 10% прав — произведува California Chemic S. A. Francaise—Paris. Застапник „Alfa", Спољнотрговинско предузеќе — Белград. Број на привремената дозвола чие важење престанало: 02/3—464/1 од 13 октомври 1962 година. Објавено под редниот број 41 на Списокот на хемиските средства за заштита на растенијата за кои се издадени дозволи за пуштање во промет на територијата на Југославија („Службен лист ФНРЈ", бр. 9/63);

3) Tiezene — произведува Montecatini—Milano. Застапник „Merkantile", Иноземна заступства — Загреб. Број на привремената дозвола чие важење престанало: 02/3—642/1 од 26 февруари 1963 година. Објавено под редниот број 42 на Списокот на хемиските средства за заштита на растенијата за кои се издадени дозволи за пуштање во промет на територијата на Југославија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/63);

4) Trimaton — произведува Fabriek van Chemische Producten—Vondeningenplaat N. V. Vlaardingen. Застапник „Astra", предузеќе за меѓународну трговину и заступства — Загреб. Број на привремената дозвола чие важење престанало: 02/3—141/3 од 26 февруари 1963 година. Објавено под редниот број 43 на Списокот на хемиските средства за заштита на растенијата за кои се издадени дозволи за пуштање во промет на на територијата на Југославија („Службен лист на ФНРЈ", бр.. 9/63);

5) V. P. M. Du Pont — произведува Du Pont de Nemours. Застапник „Динара", Иностранa заштупништва — Белград. Број на привременаната дозвола чие важење престанало: 02/3—643/1 од 26 февруари 1963 година. Објавено под редниот број 44 на Списокот на хемиските стредства за заштита на растенијата за кои се издадени дозволи за пуштање во промет на територијата на Југославија („Службен лист на ФНРЈ", бр. 9/63).

Бр. 01—1834/1
2 август 1963 година
Белград

Директор
на Сојузната управа за заштита
на растенијата,
инж. **Србољуб Тодоровиќ**, с.р.

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Одлуката за пропишување Тарифа и технички услови за користење и вршење услуги на помошната локомотивска вуча во Сипскиот канал, објавен во „Службен лист на СФРЈ", бр. 30/63, се поткраднала долу наведената грешка, та се дава

ИСПРАВКА

НА ОДЛУКАТА ЗА ПРОПИШУВАЊЕ ТАРИФАТА И ТЕХНИЧКИТЕ УСЛОВИ ЗА КОРИСТЕЊЕ И ВРШЕЊЕ УСЛУГИ НА ПОМОШНАТА ЛОКОМОТИВСКА ВУЧА ВО СИПСКИОТ КАНАЛ

Во точката 1 став 1 по зборовите: „помошната локомотивска вуча" треба да се додадат со пропуст изоставени зборови: „во Сипскиот канал".

Од Сојузниот извршен совет, Белград, 6 август 1963 година.

По извршеното сравнување со изворниот текст утврдено е дека во текстот на Правилникот за измена на Правилникот за надоместоците за службени патувања и селидби во странство („Службен лист на СФРЈ", бр. 29/63), се поткраднала долу наведената грешка, та се дава

ИСПРАВКА

НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНА НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА НАДОМЕСТОЦИТЕ ЗА СЛУЖБЕНИ ПАТУВАЊА И СЕЛИДБИ ВО СТРАНСТВО

Во членот 1 во цитираниот текст алинејата 1 наместо:

„За Финска:

за службениците од	I	група	4.200	фински	марки	
„ „	II	„	3.800	„	„	
„ „	III	„	3.200	„	„	
„ „	IV	„	2.600	„	„	".

треба да гласи:

„За Финска:

за службениците од	I	група	42	нови фински	марки	
„ „	II	„	38	„	„	„
„ „	III	„	32	„	„	„
„ „	IV	„	26	„	„	„ ".

Од Сојузниот секретаријат за буџет и организација на управата, Белград, 8 август 1963 година.

УКАЗИ

Председателот на Републиката врз основа на членот 217 став 1 точка 3 од Уставот, а по предлог од државниот секретар за надворешни работи, донесува

УКАЗ

ЗА ОТПОВИК ОД ДОЛЖНОСТ НА ИЗВОНРЕДНИОТ И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО УНГАРСКАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА И ЗА НАЗНАЧУВАЊЕ ИЗВОНРЕДЕН И ОПОЛНОМОШТЕН АМБАСАДОР НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА ФЕДЕРАТИВНА РЕПУБЛИКА ЈУГОСЛАВИЈА ВО УНГАРСКАТА НАРОДНА РЕПУБЛИКА

I

Се отповикува

Мирко Тепавац од должноста на извонредан и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Унгарската Народна Република.

II

Се назначува

Душан Чалиќ, досегашен амбасадор во Државниот секретаријат за надворешни работи, за извонреден и ополномоштен амбасадор на Социјалистичка Федеративна Република Југославија во Унгарската Народна Република.

III

Државниот секретар за надворешни работи ќе го изврши овој указ.

IV

Овој указ влегува во сила веднаш.

У. бр. 18
3 август 1963 година
Белград

Председател на Републиката,
Јосип Броз Тито, с. р.

ОД СЛУЖБЕНИТЕ ЛИСТОВИ НА НАРОДНИТЕ РЕПУБЛИКИ

СЛУЖБЕНИ ГЛАСНИК НА СОЦИЈАЛИСТИЧКА РЕПУБЛИКА СРБИЈА

„Службени гласник Социјалистичке Републике Србије" во бројот 19 од 11 мај 1963 година објавува:

Одлука за финансирање на Стопаската комора на СРС и стопанските комори на автономните покраини и на околиите во 1963 година;

Исправка на Уставот на Социјалистичка Република Србија.

Во бројот 20 од 18 мај 1963 година објавува:

Упатство за начинот на утврдување на цензусот член на семејство на осигуреник кој покрај приходот од земјоделство има и други приходи.

Во бројот 21 од 25 мај 1963 година објавува:

Уредба за основање Машински институт „Владимир Фармаковски":

Уредба за основање Институт за алатни машини и алати;

Уредба за основање Институт за кожа и обувки;

Одлука за определување на единствената норма според која ќе се издвојуваат средства за Републичкиот завод за запослување на работниците и за уделот на заводите на автономните покраини во приходите на Републичкиот завод за запослување на работници во 1963 година;

Решение за укинување Заедницата на железничките претпријатија Нови Сад;

Решение за разрешување и именување секретар на Извршниот совет на Народното собрание на СРС;

Решение за разрешување и именување претседател на Одборот за внатрешна политика на Извршниот совет на Народното собрание на СРС;

Решение за разрешување и именување републички секретари;

Решение за разрешување и именување претседател и потпретседател на Стопанската комора на СРС;

Решение за разрешување и именување претседател на Републичката комисија за физичка култура;

Решение за разрешување и именување членови на Советот на Заводот за запослување работници на СРС;

Решение за основање Посебна комисија за подготвување на материјалите за усогласување на републичките прописи со Уставот.

СОДРЖИНА

Страна

527. Одлука за одобрување посебен кредит на Стопанската банка на Социјалистичка Република Македонија — — — — — — 753
528. Одлука за овластување на Извршниот совет на Социјалистичка Република Македонија да донесе прописи за општите мерила за распределба на доходот на установите од подрачјето на град Скопје и за распределба на личните доходи — — 753
529. Одлука за одобрување кредити за вложувања во основните средства на стопанските организации од подрачјето на град Скопје што претрпеле штета поради земјотресот — — — — — — — — — — 753
530 Одлука за одобрување кредити за обртни средства на работните организации од подрачјето на град Скопје — — — — 754
531. Одлука за давање потрошувачки кредити на граѓаните од подрачјето на град Скопје што претрпеле штета поради земјотресот 754
532. Одлука за евидентирање на паричните средства добиени како помош за отстранување на последиците од земјотресот во Скопје — — — — — — — — — — 755
533. Одлука за ослободувањето од плаќање на царина и други давачки за увоз на стоки што се примаат бесплатно или се набавуваат од странство заради отстранување на последиците предизвикани со земјотресот од 26 јули 1963 година — — — — — 755
534. Одлука за одлагање на плаќањето на ануитетите според кредитите дадени од средствата на федерацијата на работните организации од подрачјето на град Скопје — 755
535. Одлука за определувањето на стопанските организации што не вршат издвојување на задолжителните резерви на фондовите во 1963 година и кои можат средствата на на тие резерви издвоени во 1961 и 1962 година да ги користат во 1963 година — 756
536. Упатство за примена на точката 16 од Упатството за спроведување на начелата за распределба на чистиот приход на стопанските организации од подрачјето на град Скопје — — — — — — — — — 756
537. Правилник за лекарските прегледи на обврзниците-ругрути заради утврдување на здравствената способност за воена служба — — — — — — — — — — 756
538. Правилник за пресметување и плаќање на придонесите од личниот доход од работен однос — — — — — — — — — — — 757
539. Наредба за привременото одлагање на уплатувањата на аконтациите во вид на интерес на фондовите во стопанството, придонес од доходот и придонес на вонредниот приход на стопанските организации од подрачјето на град Скопје во текот на 1963 година — — — — — — 771
540. Наредба за спроведување на пописот (инвентура) кај стопанските организации од подрачјето на град Скопје — — 772
541. Наредба за постапката со штедните влогови на граѓаните според кои штедните книшки исчезнале при земјотресот во Скопје — — — — — — — — — — 773
542. Наредба за определување видовите и количините на предметите на домаќинството на југословенските државјани со служба во странство, што се ослободуваат од плаќање на царина кога тие лица се враќаат во Југославија — — — — — — — — 774
543. Наредба за примена на новата норма на денокот на промет на гумирано платно 774
544. Решение за југословенските стандарди од областа на друмските возила — — — 774
545. Решение за југословенските стандарди од областа на каросериите на друмски возила 775
546. Решение за југословенските стандарди за за делови на шински возила — — — 775
547. Решение за југословенските стандарди за единствените називи за пестицидите — 776
548. Решение за југословенските стандарди за серуми и вакцини за потребите на ветерината — — — — — — — — — — — 776
549. Решение за југословенските стандарди за оков за градежна столарија — — — 776
550. Решение за измени на југословенските стандарди за мелнички производи од пченица, за мед, за шеќер од шеќерна репка и за пекарскиот квасец — — — — 777
551. Решение за ставање вон сила на југословенските стандарди за земјоделски производи и за скробот и производите од скроб 777
552. Список на хемиските средства за заштита на растенијата за кои се издадени дозволи за пуштање во промет на територијата на Југославија — — — — — — — — 777
553. Список на хемиските средства за заштита на растенијата за кои се издадени дозволи за пуштање во промет на територијата на Југославија, а на кои им е одобрена промената на името — — — — — — — — 778
554. Список на хемиските средства за заштита на растенијата за кои се издадени привремени дозволи за пуштање во промет на територијата на Југославија, а чие важење престанало — — — — — — — 778

Исправка на Одлуката за пропишување Тарифата и техничките услови за користење и вршење услуги на помошната локомотивска вуча во Сипскиот канал — — 779

Исправка на Правилникот за измена на Правилникот за надоместоците за службени патувања и селидби во странство — — 779

Издава Новинска установа „Службен лист на СФРЈ", Белград, Јована Ристића 1. Пошт. фах 226. — Директор и одговорен уредник Љубодраг Гурић, Улица Јована Ристића бр. 1. — Печат на Белградскиот графички завод, Белград